РЕВИЈА ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

ГОДИНА XXIX, БР. 157 (2/2025)

СТОЖЕР

dpm-pisateli.mk/stozer

ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА • 1947 •

ISSN 1409-6005

80 ГОДИНИ ОД КОДИФИКАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

ИНТЕРВЈУ СО СИМОНА ГРУЕВСКА-МАЏОСКА

ДОДЕЛЕНИ ГОДИШНИТЕ НАГРАДИ НА ДПМ ЗА 2024 ГОДИНА

ПЕСНИ ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

НОВИ ЧЛЕНОВИ НА ДПМ









Од доделувањето на годишните награди за 2024, февруари 2025; Фотографии: Наташа Гелева

СОДРЖИНА

03. **Воведен збор**
Славчо Ковилоски
04. **Образложенија за наградите на ДПМ за 2024 година**
06. **Интервју со Симона Груевска-Маџоска**
09. **Конечното разрешување на македонското јазично прашање**
Блаже Конески
11. **Од развојот на македонскиот јазик**
12. **Литературен јазик или стандарден јазик**
Васил Дрвошанов
13. **Да го чуваме јазикот за да се зачуваме себеси**
Елизабета Бандиловска
14. **Песни за македонскиот јазик**
19. **Решение за македонската азбука**
20. **Литература за деца**
Мито Спасевски
23. **Расказ**
Јовица Илиќ
24. **Песна**
Васил Мукаетов
24. **Преписката како критика**
Санде Стојчевски
25. **Пари**
Благоја Ристески Платнар
26. **Песни**
Бранко Цветкоски
28. **Песни**
Јулијана Величковска
29. **Човештвото е цивилизација на приказните**
Жарко Кујунџиски
30. **Проза (извадок)**
Живко Новески
32. **Нов член на ДПМ**
Симона Јованоска
33. **Кога Крале Марко го гледаше Прилеп**
Гордана Михаилова–Бошнакоска
34. **Моите песни-војници**
Димо Н. Димчев
35. **Песни**
Марија Воденска
37. **Расказ (превод)**
Драгана Ерајвшек
38. **Цветот како подарок**
Атанас Вангелов

Пишува: Славчо Ковилоски, главен и одговорен уредник

100 ГОДИНИ ОД АБЕЦЕДАРОТ

342.725(495:=163.3)"1925"
811.163.3(091)



38. **Приказ**
Марина Мијаковска
40. **Нови членови на ДПМ**
41. **Песни**
Славица Урумова Марковска
42. **„Големиот куфер“ од Иван Додовски**
Бранко Прља
44. **Ин мемориам-Благој Самоников**
44. **Хроника на ДПМ / Вести од Македонија**
45. **Стрип**
46. **Стари фотографии**

Во 1925 година се случува еден од најважните настани во поновата македонска историја, објавувањето на АБЕЦЕДАР (ABECEDAR), буквар за малите Македончиња, отпечатен во Атина, со фонетски правопис, а со латинична азбука. Зборовите и речениците во него се напишани на македонскиот народен говор од Битолско и од леринскиот крај, кој со Балканските војни (1912/13) ѝ припаднал на Грција. Грчките власти го објавиле буквароt под притисок на меѓународната јавност, но веднаш по отпечатувањето бил цензуриран, запленет и уништен од тамошните власти. Сепак, врз основа на оние неколку зачувани примероци (испратени биле во седиштето на Друштвото на народите во Женева, денешен еквивалент на Обединетите нации во Њујорк) веќе се знаела содржината на книгата и многу подоцна (во 2006) била препечатена.

Овие кратки воведни книжевно-историски нафрлоци отвораат низа прашања, а истовремено даваат и мноштво одговори. За жал, општиот впечаток е дека во македонската, а да не зборуваме за европската јавност, ова исклучително дело, односно овој несекојдневен подвиг на Македонците од Беломорието е недоволно познат. Да се подготви буквар што ќе цели кон некаква стандардизација на непризнат јазик во тешки општествени, политички и културни (не)прилики е потфат што се граничи со невозможното. Впрочем, треба само да се потсетиме на неуспешниот обид на Венјамин Мачуковски да објави граматика на македонско наречје, на нападите врз Кузман Шапкарев, Димитар В. Македонски и другите кои објавиле македонски учебници, но кои биле напаѓани и под постојан притисок од разно-разни власти. Реакции се појавиле и за овој буквар, разбранувајќи ја јавноста кај соседните балкански народи.

АБЕЦЕДАРОТ е дело на анонимен автор или автори, меѓутоа, секако од македонско потекло, бидејќи да се напише каков било буквар, треба одлично да се знае јазикот, односно тој треба да му биде мајчин. Кој е тој автор или автори, можно е никогаш да не дознаеме. Меѓутоа, знаеме дека оваа објава всушност значи признавање на јазик што не е грчки, но и што не е бугарски, а уште помалку српски, односно признавање на постоење македонски јазик. Зошто не е употребено кирилското писамо, туку латинското е уште едно од прашањата на кои може да се дадат повеќе одговори на кои сега нема да се осврнеме. За нас е значајно што во буквароt се дадени латински букви што соодветствуваат со кирилските од стандардниот македонски јазик: č за ч, ž за ж, š за ш, како и gj за ѓ, dž за џ, dz за ѕ итн. (Gjorče, džumbuš, dzid). Особен впечаток дава употребата на гласот и буквата s (dz) карактеристични за македонскиот јазик (наспроти з и дз во српскиот и во бугарскиот јазик). Треба да се има на ум дека ова е објавено во Грција и тоа дваесетина години пред нормирањето на македонскиот јазик во слободната македонска држава. И да дополниме само уште нешто накратко за АБЕЦЕДАРОТ: на секоја страница е дадена различна буква со изговорот и со примери од секојдневието, на крајот се сместени повеќе кратки текстови што требало да служат како примери за вежбање, а изданието е украсено со соодветни цртежи за секоја буква. Ќе повториме, станува збор за исклучително дело што македонскиот јазик му го приопштува на светот многу години пред официјализирањето во македонската држава. Стогодишнината од појавата на АБЕЦЕДАРОТ се совпаѓа со одбележувањето на осумдесетгодишнината од кодификацијата на македонскиот јазик, годишнини што треба гласно да ги одбележиме.



Интервју

061.2:82(497.7)]:06.05(049.3)

ОБРАЗЛОЖЕНИЈА ЗА НАГРАДИТЕ НА ДПМ ЗА 2024 ГОДИНА

НАГРАДА „СТАЛЕ ПОПОВ“ НА ДПМ ЗА НАЈДОБРО ПРОЗНО ОСТВАРУВАЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА

Од образложението:



Наградената збирка раскази „Приказничар“ е составена од раскази пишувани во подолг временски период, што се забележува во стилот, јазикот и структурата, но мошне умешно собрани во едно дело, затоа што сите во својата основа ја имаат приказната, односно нејзиното создавање, од зародишот, растењето до речиси апокалиптични или пак банални завршетоци. Раскошниот јазик на Кујунџиски „оживува“ во неговите приказни и ги оживува неговите приказни, независно дали тие се составени од само десет збора или од четири илјади зборови. Но мора да се каже дека токму бројот на зборовите ѝ дава одредена ритмика на збирката. Имено, таа почнува со најкраткиот расказ, а завршува со прилично долг расказ. Оттука перото на Кујунџиски не само што ја плете приказната, туку и ја разигрува речиси до болка да не може да се живее без неа. Но Кујунџиски и живее во неа, во секоја нејзина форма, во секој нејзин ред, во секој нејзин збор. Оттука и насловот со само еден збор, мошне конотативен „Приказничар“. А приказничар е секој од нас, но денес најмногу Жарко Кујунџиски.

Жири-комисија: Блаже Миневски, Петар Андоновски и Лилјана Пандева.

НАГРАДА „АЦО ШОПОВ“ НА ДПМ ЗА НАЈДОБРО ПОЕТСКО ОСТВАРУВАЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА

Од образложението:



Книгата поезија „Посвети и пофалби“ на Иван Џепароски е продолжување и заокружување на неговата филозофски интонирана поетика на делиризација, по којашто ќе остане препознатлив во македонската поезија. Иван Џепароски е поет на ерудицијата и поет на културата. Како еден од врвните македонски интелектуалци и естетичари, поетот Џепароски ја следи својата лична вокација и во неговата деветта книга поезија „Посвети и пофалби“. Со тоа тој покажа дека е можно да се изгради поетички систем чиешто доминантно и константно обележје ќе биде присуството на мотиви со етички и културолошки предзнак. Од една страна, поетот опева вечни теми какви што се доблеста, пороците, игрите, дијалогот, а од друга, покажува чувствителност и спрема актуелни теми какви што се: вештачката интелигенција, дигиталната култура, КОВИД-пандемијата и еколошката проблематика. Еден циклус од оваа последна негова збирка е реплика на колоквијалната фраза „Старо купувам“ опеана во популарната песна на Ацо Шопов со ист наслов. Преку воведниот циклус „Посвети по сродност“ и другите пет циклуса со предзнакот „Пофалби“, Иван Џепароски ги маркира своите творечки предци од историјата на македонската поезија и други култни фигури од областа на уметноста и филозофијата.

Жири-комисија: Катица Ќулавкова, Гордана Михаилова-Бошнакоска и Влада Урошевиќ.

НАГРАДА „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ НА ДПМ ЗА НАЈДОБРО ОСТВАРУВАЊЕ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ЗА 2024 ГОДИНА

Од образложението:

Книгата за деца „Бакнежи на небото“ на авторот Иван Антоновски е нежна и топла приказна која, при првото читање, во нејзиниот основен слој, е приказна за настанувањето на зимата и за малите, секојдневни „игри“ меѓу децата. Во топла и снежна ноќ, завиткани во ќебенце, постарата сестричка Илина и братчето Јаков – кое не сака да заспие – почнуваат разговор. Илина одговара на неговото прашање „Како настанала зимата“ раскажувајќи ја сказната што ја слушнала од баба им. Атмосферата на почетокот наликува на бајките што се неизоставен дел од сечие детство („Снежната кралица“), навестувајќи дека магијата набргу ќе почне. Топлите и богати илустрации (кои малку потсетуваат на оние на Кондовски) ја доловуваат бајковитата атмосфера со носталгичен призвук на дамнешните, безгрижни детства. Но, тука Антоновски, суптилно и обмислено, со внимателно избрани зборови, ја прави вистинската магија во оваа книга (иако во формат на сликовница – текстот е доволно обемен и исполнет за таа да се нарече „долг илустриран расказ“). Со внимателно читање, почнуваме полека да ги откриваме подлабоките слоеви во приказната – која од бајка прераснува во модерна приказна за љубовта меѓу сестричето Илина и братчето Јаков (ретка и недоволно обработувана тема: сестричката е онаа што раскажува и се грижи братчето да заспие, иако најчесто таа улога му припаѓа на родителот). Читателот може лесно да се идентификува – во модерното, брзо и стресно време во кое живееме, родителите често ја префрлаат оваа улога на постарото дете во семејството.

Антоновски дава автентичен, авторски и творечки, индивидуален пристап во неговиот приод кон експонирањето на содржината. Делото интонативно се потпира врз бројни илустрации што остваруваат забележителен исчекор во раскажувачкиот тек на делото и неговата поставка, со самото тоа придонесувајќи ова да биде целосно, заокружено дело од сите аспекти: текст, илустрации, дизајн.

Жири-комисија: Билјана С. Црвенковска, Мито Спасевски и Александра Велинова.

НАГРАДА „ДИМИТАР МИТРЕВ“ НА ДПМ ЗА НАЈДОБРО ОСТВАРУВАЊЕ ЗА КРИТИКА И ЕСЕИСТИКА ЗА 2024 ГОДИНА

Од образложението:

Книгата „Книжевни паметници“ од Наташа Аврамовска претставува врвно ерудициско остварување со комплексна, полифонична композиција од десетина критички студии пишувани по различни, значајни поводи и јубилеи, кои орбитрираат околу еден стожерен мотив – културната меморија. Авторката суверено се движи низ жанровските траектории на современата македонска книжевност, почнувајќи од автобиографскиот испис на М. Цепенков кон крајот на XIX век, преку поетската проза на Б. Конески, романот-иследување на К. Чашуле или семејната сага на Б. Иванов и на Ј. Павловски, сè до постмодерните варијации и зачудни оптики на градот – кај О. Николова, на детството – кај Е. Лафазановски, на Другоста – во драмите на Г. Стефановски или на загатката – во делото на П. М. Андреевски. Посебен придонес на книгата претставуваат компаративните согледби на книжевната меморија во современата македонска литература во однос на две древни епохи: старословенската и османлиската што се пресретнуваат во симболот на Константинопол, односно Стамбол. Со својот осмислен концепт, контекстуален опфат, научен пристап и акрибичен стил, оваа книга дава евидентен придонес во толкувањето не само на клучните фигури од современата македонска книжевност, туку и на нивните одделни остварувања кои, според авторката, претставуваат значајни „книжевни паметници“ како драгоцен и траен влог во нашето културно наследство.

Жири-комисија: Лидија Капушевска-Дракулевска, Санде Стојчевски и Дејан Трајкоски.

НАГРАДА „МОСТ“ НА ДПМ ЗА НАЈДОБРО ОСТВАРУВАЊЕ ОБЈАВЕНО НА НЕКОЈ ОД ЈАЗИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНОСТИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

Од образложението:

Романот на авторката Гордана Јовиќ Стојковска има бајковит наслов – „Си била еднаш една куќа“. Композиција на делото е џврста – налик на музичката форма на фугата, со две линии на дејството, од кои едната е напишана со курзив, а двата елементи на романот, двете линии на дејството, се напишани со сосема различни методи, во различни стилови, независни по ритам и содржина, но хармонично и заемно зависни една од друга сè до крај.

Станува збор за жанровски комплексно дело – хибрид, што започнува со депресивниот роденден на главниот лик и неговото размислување за празнината на сопственото постоење. Заплетот понатаму е развиен во вешто составена научно-фантастична приказна, каде што, како интервенција на боговите, што некогаш ги исполнувале желбите на смртници, истото тоа сега го прави инструмент или вештачката интелигенција, што не предвидува човечки слабости, како што се љубомора, завист, самосожалување, неверодостојност, кукавичлук, љубопитност... Особено интересна е самата постапка со помош на која, благодарејќи на ерудицијата на авторката и познавањето на културолошките теми, целиот заплет зазема тек соодветен на принципите на исклучително слоевита ерудитивна фантастика што успева да ги даде одговорите на сите прашања поставени на почетокот од книгата, на метафизичките дилеми, на психоаналитичките толкувања на ликовите, при што се упатува на битните културолошки референци за смртта, љубовта, раѓањето, во различни култури и цивилизации.

Жири-комисија: Сеида Бегановиќ, Лејла Шериф Емин и Тихомир Јанчовски.



80 години од кодификацијата на македонскиот јазик

811.163.3(047.53)

МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК НЕМИНОВНО СЕ РАЗВИВА, НО ЗА ТОА КАКО ЌЕ ИЗГЛЕДА ВО ИДНИНА СИТЕ ЈА НОСИМЕ ОДГОВОРНОСТА

(ИНТЕРВЈУ СО ПРОФ. Д-Р СИМОНА ГРУЕВСКА-МАЦОСКА ОД ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК)

Најпрво, од името на редакцијата Ви го честитаме изборот за претседател на Советот за македонски јазик, а Вашиот првичен ангажман на оваа функција се поклопува со јубилејот – 80 години од кодификацијата на македонскиот јазик. Па кои се активностите што ги презема Советот во врска со овој јубилеј?

Ви благодарам за честитката. Особена чест ми е што бев предложена за претседател на новиот состав на Советот за македонски јазик, со оглед на тоа кои ми беа претходници. Се надевам дека ќе придонесам, заедно со другите членови на Советот, за подобрување на состојбата со македонскиот стандарден јазик и со неговата афирмација во и надвор од државата. Почетокот на нашиот мандат го започнавме со одбележување на еден убав и значаен јубилеј – 80 години од кодификацијата на македонскиот јазик, а тоа значи 80 години од прогласувањето на нашата азбука (5 мај 1945) и од нашиот правопис (7 јуни 1945). Како што е познато, кодификација на еден јазик претставува утврдување на азбуката, правописот, изработка на граматика, речници итн. Минатата година славевме 80 години од прогласувањето на македонскиот јазик за службен на 2 Август на Првото заседание на АСНОМ, а оваа година славиме 80 години од заокружувањето на вековните напори на македонскиот народ за свој стандарден јазик. Еве веќе 80 години тој функционира во сите функционални стилови и на исто рамниште со сите останати стандардни јазици. Советот за македонски јазик е активно вклучен во одбележувањето на овој јубилеј. Така, како претседател на Советот, бев назначена за главен координатор на Координативното тело формирано за таа цел. Направивме календар на активности преку целата година од сите институции што се занимаваат со македонскиот јазик: Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Советот за македонски јазик, МАНУ, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Институтот за македонска литература, Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, Државниот универзитет од Тетово, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола, Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, но и други институции, како, на пример Пошта, што ќе изработи поштенска марка за оваа пригода, МНТ, МРТВ и др. Централното одбележување ќе биде на 5 Мај и тука покровители ќе бидат претседателката Гордана Сиљановска-Давкова и премиерот Христијан Мицкоски. Активно вклучени се Министерството за култура и туризам, Министерството за образование и наука и Министерството за надворешни работи.

Една од главните активности што беше ставена во годишната програма за работа на Советот беше трето издание на Правописот на македонскиот јазик (2015/2017). Како што е познато, Правописот е достапен бесплатно онлајн, но во печатена форма не може да се најде од 2017 година. Овој пат, во чест на јубилејот, Министерството за образование и наука ќе финансира трето издание во тираж од 1000 примероци. Се надевам дека со тоа барем малку ќе се пополни празнината и ќе биде достапен до повеќемина и во оваа форма. Кога го работевме Правописот, планот ни беше на секои пет години да правиме подновувања, но од повеќе причини тоа не ни беше овозможено. Се надевам дека наскоро ќе можеме да пристапиме и кон таа активност. Советот се подготвува и за иницирање изработка на Национална стратегија за македонскиот јазик за пет години, предвидена според Законот за употребата на македонскиот јазик.

Во рамките на одбележувањето јубилеи, оваа година се навршуваат 100 години од раѓањето на Трајко Стаматоски, еден од учесниците во кодификацијата на македонскиот јазик и поранешен претседател на Советот за македонски јазик, настан што ќе го одбележиме на 6 мај заедно со Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, каде тој работеше целиот свој работен век. Исто така, ќе одбележиме 60 години од раѓањето на д-р Убавка Гајдова, за жал

прерано починатa, којашто беше раководител на Одделението за дијалектологија при Институтот за македонски јазик и поранешен претседател на Советот за македонски јазик.

„Советот за македонски јазик е отворен за секој вид соработка што го вклучува македонскиот јазик"

Каква ја замислувате соработката на Советот за македонски јазик со институциите и здруженијата што се занимаваат со македонскиот јазик од научна, но и од практична гледна точка, како на пример со МАНУ — впрочем веќе имавте една заедничка Трибина на тема „Статусот на македонскиот јазик – состојби и перспективи", но и со Здружението на лекторите?

Една од главните цели на овој состав на Советот е да биде повидлив за јавноста, за што креиравме прозорче на веб-страницата на Министерството за култура и туризам, каде што сега се објавени скенирани сите претходни изданија (7) на Билтенот на Советот (последното е во 2005 година), а планираме да објавиме нов број оваа година, потоа креиравме посебна е-адреса на која може секој да оствари контакт со нас, а креиравме и страница на Фејсбук, за полесен контакт, во согласност со времето. Соработката со другите институции сметам дека ќе се одвива успешно. За почеток, со МАНУ, односно со Одделението за лингвистика и литературна наука, направивме трибина за статусот на македонскиот јазик, чиј иницијатор беше акад. Витомир Митевски. Сметам дека беше добро замислена, со опфат на сите аспекти важни за статусот на македонскиот јазик, со учество на професори од повеќе научни области и дека ја постигна својата цел. Со Институтот за македонски јазик природно имаме тесна соработка, меѓу другото зашто и јас и уште тројца членови на Советот работиме таму долги години, а со Здружението на лектори сè уште не сме остварила контакт. Ние сме отворени за секој вид соработка што го вклучува македонскиот јазик. Досега сме одговарале на прашања од професионални лектори и други институции на кои им требало стручно мислење и така планираме и да продолжиме.

Еден од основните социолингвистички аспекти што е во тесна врска со јазичната норма е употребата на македонскиот јазик во јавната комуникација. Како Совет за македонски јазик, дали сметате дека се води доволно грижа за правилната употреба на македонскиот јазик во сите сфери на јавната комуникација?

Македонскиот јазик во јавната комуникација е широка тема. Може да се каже дека во некои сегменти навистина се води грижа за нормата, но во многу сегменти не е на завидно ниво. Од каде произлегува вакватa состојба? Прво, сметам дека не се води доволно грижа за стандардниот јазик уште од претшколските установи, преку основното и средното образование, до универзитетите. Тука има два дела: првиот е наставниот кадар и неговото познавање или непознавање на македонскиот стандарден јазик, а вториот дел е јазикот во учебниците. Треба да се поработи на двата дела, ако сакаме да едуцираме луѓе со добро познавање на нормата. Вториот сегмент е почитувањето на нормата од страна на државните институции – гледаме дека не се почитува докрај, па така читаме соопштенија со грешки, нелекторирани или лошо лекторирани веб-страници, лошо лекторирани закони, театарски претстави на лош јазик и сл. Третиот сегмент е издавачката дејност, во која исто наидуваме на разни нелекторирани или лошо лекторирани изданија, со кои наместо да се подига јазичната култура, всушност се спушта. Четвртиот сегмент се медиумите, за кои ќе се осврнам во одговорот на следното прашање.

Една од темите што е особен предмет на Ваш интерес како лингвист е употребата на македонскиот јазик во медиумите и токму на таа тема настапивте на Трибината што како Совет ја организиравте заедно со Одделението за лингвистика и литературна наука при МАНУ, при што отворивте интересни прашања, имено дали јазикот се развива преку нив или, пак, назадува. Какви се вашите ставови и погледи во врска со оваа тема?

Македонскиот јазик во медиумите исто така е широка тема. Овде би ги изделила класичните медиуми, како што се телевизијата, радиото и печатените весници, од новите медиуми, како што се онлајн медиумите, односно порталите. Во класичните медиуми, главно, се води грижа за нормата (освен правописните грешки што се појавуваат на екранот), но исклучок се емисиите од забавен карактер, каде речиси воопшто не се употребува стандардниот македонски јазик, со што се влијае на снижување на нивото на употребата на македонскиот јазик во јавната комуникација. Моќта на медиумите ја знаеме и навистина е важно да се води грижа за тоа кој професионално се појавува во јавност и со какво познавање на македонскиот стандарден јазик, кој е и основната алатка на медиумите.

Посебен случај е македонскиот јазик во онлајн медиумите: поради брзината со којашто се објавуваат информациите, многу често со автоматско преведување со помошните алатки, непроверени и нелекторирани се пуштаат информации кои се дури и тешки за разбирање, на пример, со употреба на погрешни зборови, погрешни лични заменки, погрешен граматички род итн. Уште со донесувањето на првиот Закон за употребата на македонскиот јазик во 1998 година, преку последниот од 2024 година, пропишано е дека не смеат да се објавуваат текстови што не се лекторирани од лектор со лиценца. Во спротивно, предвидени се прекршочни мерки и парични глоби. Во фаза на формирање е Инспекторатот предвиден со Законот, кому главна задача му е спроведувањето на Законот за употребата на македонскиот јазик, па се надевам дека доследно ќе си ја врши задачата и ќе воведе ред

во употребата на стандарднојазичната норма во јавната комуникација.

Во насока на подигање на медиумската писменост, изработивме онлајн Речник на медиумската писменост, чиј главен редактор е д-р Емил Ниами, а издавач Институтот за комуникациски студии, со кој дадовме придонес за толкувањето на некои од новите поими, но, за жал, понатамошната работа засега е прекината од финансиски причини.

„Научните книги вообичаено поминуваат низ рацете на лекторите, но понекогаш, за некои покомплексни прашања, треба и поширока дискусија"

Како личност од сферата на науката, каков е односот на македонските научници кон македонскиот јазик, не само во областа на лингвистиката туку и во другите науки, особено ако се има предвид наметнувањето на англискиот јазик, дури и во научни списанија и зборници од наши научни институции?

Поради самата природа на научната работа и нужноста од консултирање странска литература, неминовно е да се преземаат и туѓи термини, особено во областите на природните, медицинските и техничките науки. Тука треба навистина добра соработка со лекторите, но и со Советот за македонски јазик и со Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" за изнаоѓање соодветни јазични решенија, бидејќи одговорноста на научниците е и во создавањето неопходна терминологија. Со нивните научни дела тие се пионери во некои области и навистина треба да се внимава да не се преземаат автоматски англиски термини, туку да се обрне сериозно внимание. Секако, научните книги вообичаено поминуваат низ рацете на лекторите, но понекогаш, за некои покомплексни прашања, треба и поширока дискусија. Влијанието на англискиот јазик врз македонскиот јазик е навистина големо и ние тешко се справуваме со тоа, па така и во науката не се трудиме секогаш доволно за да најдеме соодветни термини и изрази што се во духот на македонскиот јазик. Дополнително, англискиот јазик се наметна и како јазик на науката, па за да објавите некој труд во некое списание со фактор на влијание, мора да биде напишан на англиски јазик. Исто и нашите списанија коишто сакаат да добијат фактор на влијание, обврзани се да објавуваат статии само на англиски јазик, со што се намалува опсегот на употребата на македонскиот јазик во науката. На некои промени не можеме да имаме поголемо влијание, а и не е само македонскиот јазик засегнат.

Како и сите јазици, и македонскиот е во постојан развој и во чекор со технолошките и информатичките достигнувања? Во која насока се развива македонскиот јазик од оваа гледна точка?

Сметам дека на ова поле треба сите да бидеме поажурни и да наоѓаме јазични решенија за сите нови зборови што навлегуваат во македонскиот јазик, заедно со новите поими кои ги означуваат. Тука треба да има поширока соработка меѓу нас, македонистите, и специјалистите од другите области, за што не можеме многу да се пофалиме. Потребен е нов онлајн поимник или лексикон на овие нови поими со соодветни јазични решенија, зашто постојниот Поимник на зборови од информатичката технологија е одамна застарен.

„Македонската литература отсекогаш била стожер за македонскиот јазик"

Македонскиот јазик својата афирмација во голема мера ја постигнува преку македонската литература, првенствено преку оригиналната, но исто така и преку преводната. Се води ли доволно грижа за употребата на македонскиот литературен јазик во книжевните дела?

Македонската литература отсекогаш била стожер за македонскиот јазик. Писателите и поетите се едни од неговите најдобри познавачи, кои ги истражуваат и ги збогатуваат сите можности кои ги има македонскиот јазик. Голем дел се и негови креатори, како, на пример, нашиот Гане Тодоровски. Тука се и преведувачите, кои исто така се креатори на македонскиот јазик, зашто во обид што поверно да го пренесат оригиналот, често треба навистина да се потрудат за да најдат соодветни решенија, па и да „копаат" по пасивниот или по дијалектниот фонд на македонскиот јазик, а понекогаш и сами да креираат решенија. Се разбира, самата природа на уметничко-литературниот функционален стил дава можност да не се употребува секогаш македонскиот стандарден јазик, туку понекогаш да се пишува и на дијалект и на сленг, но сето тоа е слобода на уметничкото изразување. Тука од особена важност е лекторот кој на крај ќе го лекторира делото, кој треба исто така да има добро познавање на македонскиот јазик, но и добро познавање на природата на уметничкиот израз. Во таа симбиоза може да произлезат дела кои навистина ќе го збогатат и ќе го надградат македонскиот јазик. Можам само да апелирам до издавачите да не штедат на ангажирање добри преведувачи и добри лектори, бидејќи така и нивните изданија повеќе ќе се продаваат и нема да се купуваат изданија на англиски јазик со оправдување дека нашите преводи не се добри.

За крај само ќе истакнам дека македонскиот јазик неминовно се развива, но за тоа како ќе изгледа во иднина сите ја носиме одговорноста.

Интервјуто го водеше: Лилјана Пандева



811.163.3'35
811.163.3'36

КОНЕЧНОТО РАЗРЕШУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЈАЗИЧНО ПРАШАЊЕ

Од „Граматика на македонскиот литературен јазик“

Блаже Конески

Колку што се ближеше денот на ослободувањето на нашата земја од фашистичките окупатори, сè поголема актуелност мораше да придобива прашањето за дефинитивниот облик на македонскиот литературен јазик. Сето тоа, како што подвлековме беше во најбитното доволно изјаснето од претходниот книжевен развиток, како пред војната така и во текот на Народноослободителната борба. Јасно беше, на пример, дека основата за нашиот литературен јазик ја даваат централните говори; а тоа е токму суштественото. Исто така, јасно беше од дотогашната практика дека фонетскиот принцип ќе се примени при дефинитивното установување на азбуката и правописот. Но надвор од тоа, и во поглед на формите на литературниот јазик, и во поглед на неговата азбука и правопис, остануваа цел ред подробности што требаше да се изјаснат.

Меѓу самите централни говори има разлики во извесни црти. Каков избор да се направи во таквите случаи – беше прашање сè уште отворено. Претстоеше избор меѓу различните начини за обележување некои гласови. Па иако тоа се оставаше да се реши конечно по ослободувањето, со работа на специјалната комисија за јазикот и правописот, сепак веќе тогаш сè поголема стануваше потребата да се разменат гледиштата и до нешто поцврсто да се дојде. Издавањето на партизанските весници и списанија, како „Илинденски пат“, „Народен војник“, „Млад борец“, а попосле и „Нова Македонија“ – го налагаше секидневно тоа со силата на една практична нужда. Уште повеќе се сети таа нужда, кога по капитулацијата на Бугарија на нашата слободна територија почна да се создава поширока училишна мрежа. Каква азбука ќе треба да учат децата, во каква форма ќе им се предава мајчиниот јазик – стана веќе прашање на денот.

Сето ова побуди оживени дискусии особено во времето од I заседание на АСНОМ (2 август 1944 г.) до ослободувањето. Меѓу историските решенија што ги донесе АСНОМ на своето I заседание беше и решението за „заведување на македонскиот јазик како службен во македонската држава“. Но не се остана само на тоа. Вреди да се спомене дека дури Главниот штаб на НОВ и ПОЈ за Македонија и АСНОМ се наоѓаа во манастирот Прохор Пчињски, од дискусијата за јазикот и правописот се има породено еден обид за давање т.н. времени правила за македонскиот литературен јазик, без никаква задолжителност. Тие послужија како основа на дискусиите за јазикот и правописот, организирани во октомври 1944 година во Горно Врановци, кога беа изнесени три реферати по тоа прашање.

Иако, како што веќе рековме, последниот збор се оставаше за по ослободувањето, не треба да се оставаше за по ослободувањето, не треба да се превиди важноста на овие претходни подготовки во тој поглед. Од размената на гледиштата стануваше јасно кои се јазловите точки во целото прашање, какви противположни мислења се вкрстуваат и, од друга страна, што се прима еднодушно од сите. Пред луѓето стоеше опитот од нашата млада литература пред војната и во самата борба; јазичниот опит од различните партиски публикации во истиот период. Тој опит требаше да се осмисли и да се оформи во правилата на литературниот јазик. Бидејќи порано ние немавме во Македонија свој книжевен и културен центар, луѓето што пишуваа – изградувајќи си секој за себе извесен систем од погледи за нашиот литературен јазик – сега веќе влегуваа во сè пожив контакт меѓу себе, ги установуваа разликите во своите разбирања за одделни факти, стапуваа во спорови и сфаќаа дека само во резултат на една борба на гледиштата може да се дојде до решението на јазичното прашање. Ова нешто се изрази јасно пред ослободувањето – а уште повеќе се засили, сосем природно, по ослободувањето, кога не можеше да има многу одлагање.

Наскоро по ослободувањето на Скопје (13. XI. 1944 г.) беше назначена од Президиумот на АСНОМ комисија, на која ѝ се постави задача да поднесе предлог за азбуката и правописот. Таа заседаваше во времето од 27 ноември до 3 декември 1944 година. Не може да се рече дека работата на оваа јазична комисија беше солидно подготвена. Тоа мораше да се одрази и на резултатите до кои се дојде. Така, во елаборатот на комисијата, каде што се констатира дека македонскиот литературен јазик се изградува врз основа на централните говори, во истото време за некои важни црти се спроведуваше тенденцијата да се земат формите не од централните ами од скопскиот говор (на пр.: бегава, бева итн.). исто така особен акцент се поставуваше на тоа дека во нашиот литературен јазик апстрактните зборови треба да се примат од рускиот јазик; така се затемнуваше законитиот стремеж за јазично творештво пред сè со средствата на нашиот народен јазик. Првата јазична комисија отиде и подалеку, изнесувајќи во своето образложение до Поверенството на народната просвета, од 20 јануари 1945 година, дека таа го дава предлогот не во дефинитивната форма, ами крајно решение за нашето јазично прашање треба да се земе дури кога ќе дојделе да ни поможат некои руски научници. Се разбира дека ова беше сосем наивно и погрешно мислено. За решавањето на нашето јазично прашање не можеше да биде компетентен ни-

кој друг освен ние самите. Тоа прашање претставуваше жив дел од нашиот национално-културен развиток, и ние требаше по своите сили и разбирања да го кажеме својот збор.

Иако работата на првата комисија страдаше од ред слабости, и нејзините предлози не се усвоија, сепак таа работа не мина сосем некорисно. Бидејќи таа поцелосно, одошто беше случајот во поранешните дискусии, расправаше за литературниот јазик, можеше уште еднаш, и поцелосно, да се уочат прашањата што требаше да бидат решени.

Понатамошната работа над јазикот ѝ се повери на една друга комисија, во која, покрај извесни членови од поранешната, влегоа и неколку млади писатели и публицисти што ја почнаа својата книжевна дејност во партизанските редови. Несомнено тоа означи нужно подобрување на составот од комисијата. Така дојде уште посилно до израз врската на она што се создаваше на јазичното поле пред ослободувањето, во партизанскиот печат, со она што требаше да се изгради во извојуваната национална слобода.

Новата комисија го претресе прашањето за азбуката и правописот на повеќе собирање во периодот до мај месец 1945 година. Принципите што се изјасниј во текот на нејзината работа можат во основата да се сведат на следното:

1. Во македонскиот литературен јазик треба да се установат оние форми од централните говори што во најголема степен ќе ги поврзат сите наши говори и ќе бидат лесно приемливи за луѓето од сите наши краишта.

2. Во македонскиот литературен јазик треба до најголема степен да се изрази неговата народна основа. Речникот на литературниот јазик да се обогатува со зборови од сите наши дијалекти, да се изградуваат нови зборови со живи наставки, и само колку што е потребно да се усвојуваат и туѓи заемки.

3. Македонската азбука да биде составена од толку букви колку што има гласови во литературниот јазик. Правописот да се изработи врз фонетскиот принцип.

Работата на комисијата за јазик и правопис, поставена на овие принципи, даде резултат. Се постигна еднодушност во поглед на спорните прашања за Јазичните форми и нивното правописно фиксирање. Од различните гледишта, изразени – како што знаеме – уште во дискусиите пред ослободувањето, се изгради една синтеза. На 3 мај 1945 година комисијата донесе своја резолуција „по прашањето на македонската азбука". „Комисијата за јазик и правопис – се вели во заклучокот на таа резолуција – ги поднесуе горните свои решенија на федералната влада на Македонија, за да ги одобри и озакони, како би се дошло до единственост на нашата азбука, што е еден од најважните услови за правилниот развој на нашата писменост и литература." Истиот ден Народната влада на федерална Македонија го усвои на своето заседание предлогот од комисијата и го донесе решението за македонската азбука, објавено во „Нова Македонија" два дена подоцна, на 5 мај. Речиси во истото време беа утврдени и главните точки на правописот. Проектот на правописот комисијата го прими дефинитивно на 2 јуни 1945 година и му го поднесе на Министерството за народна просвета на утврдување. Решението со кое се озакони правописот се донесе од Министерството на 7 јуни 1945 година.

Примањето на азбуката и правописот означи голема придобивка на нашиот народ на културното поле. Со тоа ѝ се кладе крај на стихијноста во развитокот на нашиот литературен јазик и се направи решителен чекор кон неговото унифицирање. Со тоа се затврдија основите на единствената македонска писменост.

Слободниот наш национален живот во СР Македонија го овозможи, во склопот на општиот културен подем, и брзиот развиток на нашиот литературен јазик. Преку оригиналната и преводната литература, преку театарот и радиото, весниците и учебниците, како и преку другите форми на културно-општествениот живот – нашиот јазичен опит се богатеше од ден на ден, и со тоа сè посодржателно се развиваше живата снага на литературниот јазик. Но тој процес на многустран развиток сега се одвиваше во јасно одредени рамки, следен од свесно управен интерес за практична проверка на поставките што влегоа во составот на првиот наш правопис, и истовремено за опфаќање и теоретско осмислување на новиот материјал што го даваше јазичната практика. Таа, практиката, покажа дека правилно беа формулирани основи-те на нашиот литературен јазик во 1945 година, нешто повеќе – дека во најголем број случаи и одделните поставки во правописот најдоа општ прием и станаа усвоен навик на секој наш културен човек; но во неколку случаи таа покажа дека треба да се внесат и извесни коректури или доуточнувања. Така на пример беа заменети глаголските форми од типот кажуе со формите како кажува, промена што беше усвоена на 6 април 1948 година, на предлог од правописната комисија при Министерството за просвета, а по опстојна дискусија на едно собрание од нашите писатели, журналисти, јазични специјалисти и други културни работници. Две години подоцна, во 1950, кога правописната комисија го изнесе на разгледување второто, проширено издание на македонскиот правопис, можеше со право да биде констатирано дека во него се предлагаат само мал број измени на дотогашните правила, а дека сушноста на работата ја чини разрешувањето на некои двојствености допуштани порано и опфаќањето на оној нов материјал што бараше да биде подведен под правописни норми, а што во првиот правопис не беше обработен. Сето тоа значеше дека во развитокот на нашиот литературен јазик се стигна до оној момент кога се почувствува една нужна стабилизација на неговите црти, кога неговиот граматички облик е конечно установен, и кога постои и може да биде оправдана само потребата да се доразработуваат и доуточнуваат извесни подробности, какви што нормално налага јазичниот развиток дури и во литературни јазици со многу подолга историја. Несомнено дека чувството за стабилноста на нашиот литературен јазик, авторитетот негов што од тоа чувство произлегува – е драгоцена придобивка за нас, што секогаш ќе ни овозможи да ги разликуваме прибрзаните и лекомислените интервенции во ова така осетливо ткаење што се вика национален јазик, од вредните прилози кон изјаснувањето и доизградувањето на неговата структура. Денеска, кога кај нас сè повеќе се пристапува, со научна подготовка и одговорност, кон разработка на јазичните прашања, чувството за стабилноста на нашиот литературен јазик е една претпоставка од која, како од основа, се излегува.

811.163.3(091)
821.163.3(091)

80 години од кодификацијата на македонскиот јазик

ОД РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК:

КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ

ОГЛЕДАЛО (1816)

Ете тако се празнуат великиј ден, кој ест христианин и кој ест радлив за своја душа. А како гледам во едни села, да чува Господ, дип грубо.

Ни христиани можем да ги наречем, ни пак неверници. Великиј петок и велика субота јадат и пијат, и великиј пост хора играат, со жена у постеља спиат, на забита се клеветет, давиа чинат, се пцуат, се тепаат, на сам ден велик ден причештиа чекаат. А попот узел, осом села попуат, каде по напред да стасат, трчат от село на село, со меинзил носит свјатии тајн. А едни сиромаси христиани дури ги жалим зашто до само полдне чекаат попа, на сам царскиј великиј ден гладни стоат и чекаат попа да му донесат причесна и викаат: „Се забави попот, тоа му било, она му било!“ Другиј пак велит: „Хајде да му се натепамо, ќи уште еднаш да не се забават!“ А еднии, чорбаџие што сат, мало позенгини, како кметинке, пак тија велат: „Не така. Да го тепамо, ќе не глобит забитот. Токо мије, ка што сме се собрале в куп, да идемо да потнесемо овен на агата или на пашата, да му аливерисамо ќутек, ем да го напудимо, да земемо другиот попа, ако е подалеко со куќата.“ Пак другиј кмет велит за другото тамо! Овај поп се забават, ама бре помало земат, ем вересие пеет, чекат за паре со години, а другио поп со Турци си земат хекот, ако му не платиш.

ПРЕСКАЗАНИЕ НА ГОЛЕМ АЛЕКСАНДР (1845)

ВЕНЕТИА
ПРОЛОГ НА ТЕРЏУМАНОТ

На копанието во Вавилона, натре во една коутиа златена се наиде едно ветво ракописмо от многу кимет. Ова ракописмо се направи терџуме на сите јазици зошчо сет претсказание на голем Александр, што прекажаја бес грешка коуку големи работи се направија од тоа време до денеска и кажваат и шчо ќе се сторит ушче.

И шчом ова ракописмо јет претсказание на Голем Александр и чинит многу голем збор за негојата многу милослива патрида Македонија, јас слуга на Христа од истата земја, со тој големиот човек, сторив ниет, со помож на сфети Дух, да го правам терџуме и на јазиците што се зборуваат на мојата патрида и коуку можам да го чинам за да се разберува во нашата земја. Се мољам на Господ, ова книга да донеси благославење на Господин Исуса Христа на тие што го имаат. Амин.

Писфаф во годината 1845
Јеромонах АТАНАС МАКЕДОНЕЦ

КАНОНАМЕ ЗА СЕЛАТА БИТОЛСКИ САНКИ ЗАКОН ЗА ЧИФЛИГАРИТЕ И ЧИФЧИИТЕ ШТО СЕТ ПОД ПО'ЕЛА БИТОЛСКА

(ζα σελατα Μπιτωλσκοι Κανοναμε σανκι ζακον ζα τζιφλιγαριτε ι τζιφτζιοιτε στο σετ пот поελα Μπιτολσκα)
(1851)

Селаните на сѐлата и чифлѝците от кàзата на мемлѐкетот Бѝтолски (Румели ејалети), за кòлку пàри ѝмаат крѐнати нà заем мнòгу и мàлу и за кòлку му пàднит ѝхтиза да зѐмат нà заем от сѐга вàмо, кја дàват фàјде за тие òсум на стòто за гòдина врѐме; фàјде на фàјде нѐ је дѐксано ич да се дàат, сàнки фàјде на фàјде да не се рàботат; ама àко нѐкој мамелѐџиа стòрит дàвиа и пòбарат фàјде пòеке от òсум на стòто за годѝнашно врѐме, кој што да бидит мамелеџѝјата, да нѐ му се слȕшат давѝјата; со èден сбор èдна пàра от òсум на стòту пòеке да нѐ се дàат

КРСТЕ МИСИРКОВ

ЗА МАКЕДОНЦКИТЕ РАБОТИ (1903)

Іазикот іет средство, со коіе ниіе познааме, шчо мислит, шчо осек'ат и шчо сакат нашиіот собеседник. Во іазикот се имаат оддел'ни гласовни знакои или зборои за сите мисли, осек'аін'а и сакаін'а на іеден чоек, затоа іазикот на іеден народ іет негоо дуовно богатство и наследство, во коіе се закл'учуваат, отпечатени во гласовни знакои или зборои, сите народни мисли, осек'аін'а и сакаін'а, со коіи имат живено и живит іеден народ и коіи се предаваат, као нешчо свето от іедно поколеін'е на друго. Да сочуат некоі своіот народен іазик и да го бранит као светиін'а, значит, да останит он верен на дуот на своіите прededовци и да уважаат се, шчо имаат они напраено за своіето потомство. Да се откажит чоек от своіо народен іазик значит, да се откажит он и од народниіот дух. Со тоа само се обіаснуат сакаін'ето и усилиіата на покорителите, да напраат покорените, да се откажат от своіот іазик и да изучат на негоо место нивниот; исто така со тоа се обіаснуат упортството на покорените народи да сочуваат сето своіе духовно народно наследство, а особито іазикот.



80 години од кодификацијата на македонскиот јазик

811.163.3'26

ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК ИЛИ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК

Васил ДРВОШАНОВ

Во текот на времето некои термини застаруваат отстапувајќи им го местото на нови и поосодветни термини. Таков е случајот со терминот **литературен**, којшто во ново време му го отстапува местото на терминот **стандарден**. Тоа, првенствено, се однесува на овие термини кога се дел од именската група *литературен јазик*, односно *стандарден јазик*. Речиси до крајот на XX век терминот **литературен** во именската група *литературен јазик* се употребуваше редовно, но кон крајот на XX век овој термин постепено почна да биде истиснуван од употреба од терминот **стандарден** во именската група *стандарден јазик*.

Оваа појава ќе ја илустрираме со следните примери во кои влегуваат разгледуваните термини како дел од насловите на универзитетски учебници од врвни македонисти. Имено, станува збор за учебникот *Граматика на македонскиот литературен јазик* од Блаже Конески, чиј прв дел излегува во 1952 година во издание на Државното книгоиздателство на НР Македонија, а вториот дел излегува во 1954 година во издание на „Просветно дело“ и учебникот *Синтакса на македонскиот стандарден јазик* од Лилјана Минова-Ѓуркова, којшто беше објавен во 1994 година во издание на „Радинг“ во Скопје. Сосема е видливо дека во учебникот од Блаже Конески е употребен терминот **литературен** во именската група *литературен јазик* како дел од насловот на учебникот, а наспрема терминот **литературен**, во соодветната именска група како дел од насловот на учебникот од Лилјана Минова-Ѓуркова е употребен терминот **стандарден**.

Дали е тоа случајно? Патем да споменеме дека рецензенти на учебникот *Синтакса на македонскиот стандарден јазик* од Лилјана Минова-Ѓуркова не е никој друг туку двајца врвни лингвисти: акад. Блаже Конески и акад. Зузана Тополињска.

Ќе ги приведеме толкувањата на термините **литературен** и **стандарден**, коишто се заглавни зборови на речничките статии во *Толковниот речник на македонскиот јазик*, што излезе во шест тома во периодот од 2003 до 2014 година под главна редакција на Кирил Конески, во издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, а се определби на именката *јазик* во именските групи како дел од насловите на универзитетските учебници.

Терминот **литературен** е протолкуван со две значења: 1) ‘што се однесува на литература, што е поврзан со литературата’ илустрирано со примерите *Литературен кружок. Литературна критика*; 2) ‘што се однесува на литературен јазик’ илустрирано со примерите *Литературна норма. Литературен израз* (Конески 2006: 52), а терминот **стандарден** е протолкуван со следните две значења: 1) ‘што одговара на определен стандард’ илустрирано со примерите *Стандарден производ. Стандардни инструменти. Стандардна димензија. Стандарден квалитет*; 2) (прен., разг.) ‘што е лишен од оригиналност, едноообразен, шаблонски’ илустрирано со примерот *Студентот даваше стандардни одговори*. Притоа се дадени изведениот прилог **стандардно** и изведената именка **стандардност** (Конески 2011: 553).

Иако во речничката статија под заглавниот збор **стандарден** нема посочување на именската група *стандарден јазик*, сепак сметаме дека терминот **стандарден** е посоодветен од терминот **литературен** за означување на современата состојба на македонскиот нормиран јазик. Сметаме дека терминот **стандарден** е сеопфатен во однос на терминот **литературен**, бидејќи стандардниот јазик има исклучително широка употреба во јавната и во службената комуникација, додека терминот **литературен** повеќе асоцира на јазикот на литературата. На мислење сме дека во случајот со употребата на термините **литературен : стандарден** е настаната преобразба за доуточнување на македонскиот јазик на релацијата македонски стандарден јазик : македонски народни говори и сл., иако употребата на терминот **литературен** во именската група *литературен јазик* сè уште е жива со неприспособен акцент на македонското третосложно акцентирање.



80 години од кодификацијата на македонскиот јазик

811.163.3(091)

ДА ГО ЧУВАМЕ ЈАЗИКОТ ЗА ДА СЕ ЗАЧУВАМЕ СЕБЕСИ

Елизабета Бандиловска

Развојот на еден јазик неминовно е врзан со развојот на неговите зборувачи како колективна заедница што ги влече своите корени од дамнешно време, време кога јазикот бил привилегија на духот и писание на душата. Од тие јазични почетоци до денес, меѓу годините и вековите испреплетени со развојни патеки и крстопати, се среќаваат безброј форми на зборот како траги што светат и ги поврзуваат историскиот и сегашниот моментум. Бројни автори, познати и непознати, со своите дела испишани на хартија, преку боите на фреските и на ѕидовите, преку песните и приказните запишани и пренесени со мислите, ја испишуваат историјата, го бележат просторот на нашето духовно простирање, создаваат фенери што го премостуваат времето и чијашто светлина допира и ќе допира до сите нас, зборувачите на македонскиот јазик.


И најмал поглед назад во минатото, и најмало навраќање не само во Климентовото време ами и во годините и вековите потоа, сè до новиот XXI век кога во годината 2025 ја славиме 80-годишнината од усвојувањето на азбуката на македонскиот јазик како официјално писмо и озаконувањето на првиот правопис, пред нас открива една безвременска галерија од ликови што го бразделе патот кон создавањето на сите одличја што еден јазик го прават јазик во вистинска смисла на зборот. Давајќи свој придонес кон оформувањето на буквите, кон прифаќањето на зборовите, кон простирањето на делата напишани на разбирлив јазик, ова чествување претставува повод за создавање мисли и зборови на восхит и благодарност кон сите оние што во сите тие изминати години неуморно и несебично го дарувале духот на македонизмот и се внесувале самите себеси во творештвото како аманет за новите поколенија и за новото време. За да станеме наследници и продолжувачи на мисијата на нашите славни претходници – Крсте Петков Мисирков, Ѓорѓија Пулевски, Кузман Шапкарев, Марко Цепенков, Партенија Зографски, Димитар Македонски, Константин Петкович, Темко Попов, Коста Групче, Кочо Рацин, Коле Неделковски, Блаже Конески, Благоја Корубин и уште многу други, за да бидеме чувари на македонскиот јазик, култура, историја, традиција. Затоа што чувајќи го јазикот, се зачувуваме и себеси на картата на светот како единка и како народ.

Враќањето назад во минатото и поврзувањето меѓу создавачите на зборот тогаш и сега претставува величествена симбиоза меѓу богатото и значајно наследство од минатото и творештвото на македонските автори денес. Споредбата меѓу творечкото време тогаш и времето денес колку и да е неспоредлива, таа е и видливо доближувачка, секој во својот век на творење, секој со слични предизвици, секој на свој начин означил почеток на нешто ново во јазикот и во творештвото, секој оставил траги што треба да ги следиме за да постоиме и да опстоиме и денес и во иднина. Споредбата меѓу сите знајни и незнајни автори, како еден вид барометар на старото и новото време, може да се толкува како бележник на јазичните процеси и текови во далечното и во блиското минато, како јасна слика за културолошките чекори и исчекори на македонскиот јазик меѓу другите словенски и европски јазици.

Историските факти за развојниот процес на македонскиот јазик и на неговото кирилско писмо се видливи траги што сведочат за развојот и на јазикот и на неговите зборувачи. Временската оска од X век до денес е непогрешлив сведочник за сите линии, патеки и вознеси во желбата да станеме и да останеме дел од големото јазично семејство на народите во светот. И денес неуморно чекориме по тој пат, твориме и создаваме, моќно и незапирливо. Зашто моќта на зборот и на знаењето и денес воодушевува исто толку силно колку и буквите напишани со мастило во далечниот деветти век. Напишаното од св. Климент, од К. Мисирков, од К. Рацин, од Б. Конески, од П. М. Андреевски, и денес ја имаат силата да нè воодушевуваат и да нè мотивираат да твориме и да создаваме записи на душата и записи за иднината за тоа кои сме, што сме, од каде сме, каде припаѓаме, кое е нашето место во историјата и во денешницата, во светот што сите заедно го градиме.

И без оглед каква ќе биде трагата што ќе ја оставиме зад себе, колку ќе успееме во обидот да бидеме нечија инспирација за создавање и за менување на светот, наша обврска и должност, но и на генерациите што идат по нас, е да ги сакаме и да ги чуваме македонскиот јазик и македонската азбука.

Да зборуваме на македонски јазик и да пишуваме на кирилица! Само тогаш ќе бидеме свои, вистински, единствени градители на својата иднина!



80 години од кодификацијата на македонскиот јазик

821.163.3-1

ПЕСНИ ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Катица Ќулавкова
ОДА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Не те бирав, ама би те избрала
Меѓу сите јазици на светот
Тебе, навидум мал, а голем
јазик на исконот и на иконата
Тебе, оти си жив доказ за преминот
од митско кон поимско мислење
Серијал од диви бракови со туѓи јазици
кои во мираз ти оставиле траги и лузни
(од санскритот до латинскиот, турскиот и англискиот)
Тебе, јазол од јазици, јаз полн тајни
Тебе, сенка на сакралното, сениште на профаното
– остава на забранети јазици и гатанки
– засолниште на безобразни зборој и думи
– мрестилиште на суптилни значења
– преноќиште на клетви и благослови
– складиште на игрозборки и брзозборки
Тебе те одбрав, јазик – прајазик
Јазик – мајка и матрица
Јазик – постоење и постојбина
Јазик – битие и биднина
Во тебе ниеден одговор не е бесмислен
– И сè си има свое зошто и свое затоа
– И нема случајни глаголи и именки
во твоето скровиште, под твојот покров
Во тебе и дождот добива виша смисла
Во тебе огнот не е само огон, ни агон
Во тебе се будам за да бидам верна на битието
свесна за собитието, во чинот на суштествувањето
Во тебе епохите легнуваат како во гнездо
Душите лебдат како мистериозни глуварки
Твоја сум, и кога сум прогонета од твојот дом
И кога те дебнам во заседа, за да го најдам
правиот израз, кога мантрам и кога бајам
со мајчинска љубов
Од тебе вдахновена, живот ти вдахнувам
Премногу ти се доближив за да те изгубам
Премногу те имав за да ми се измолкнеш
како низ решето
Знаеш ти, знам и јас –
смрт му се заканува на јазикот кој молчи
Како мутав, нем и запоставен
Оставен на милост и немилост
на припростите и празнословците
на мешетарите и политичарите
на социјалните мрежи и порталите
Денес не се разликува сировото од суровото
Денес погрдното е смешно, стравичното – вообичаено
секојдневие, опасно по живот
Дојде ред да станеш, и ти, жртвено јаре
сведен на сликичка, на немушт знак
Ти, некогаш осветен, сега испоганет
Некогаш во зенитот, сега на дното
Некогаш слободен, сега заложен
Некогаш со име, сега со прекар
јазику мој, јазику на светот
никој не може да ти ја поништи
твојата волшебна моќ
твоето воскресение!

Лидија Димковска
МАЈЧИН ЈАЗИК

Се омажи многу млада. Со средовечен маж
кој ја чекаше да порасне за свадба.
Еден на друг си се појавуваа во соништата
уште кога таа беше дете, а тој господин со шапка.
Домашните ја одвраќаа,
но љубовта беше посилна.
Тоа не беше лош брак,
таа растеше, а тој се подмладуваше,
сè дури по неколку години не станаа врсници
со исти соништа и со исти желби.
Ученичката го достигна учителот.
Беше тоа верен маж,
секогаш покрај неа, во добро и зло,
понекогаш дури и во здодевно минување на времето.
Еден ден таа го прескокна плотот
во прегратката на нов, страстен љубовник
со латинско име.
Му ги узнаваше далгите на телото.
Го милуваше бесрамно, и дење и ноќе.
Не стануваше од постела без него.
Кога му ги научи тајните
наскоро ѝ здодеа и не можеше против себе –
па го прескокна плотот на неговиот имот.

Како на спасувачки душек
ја дочека нов, млад љубовник
со словенско потекло и двојно срце:
едно за телото, друго за душата.
Го љубеше посмирено, но без престан.
Со неговите дланки
си ги милуваше најскришните длапки.
Но кога тој заспиваше по зазбивтаните ноќи
таа прескокнуваше други плотови
фрлајќи се наврапито
во авантури со англиски благородници
и руски јуродиви,
во пијанства со француски поети
и јужнословенски бездомници.
Папсана заспиваше во утрата,
но не в постела туку крај вратичката на оградата
што се отвораше само однатре, а однадвор беше заклучена.
Мораше пак да го прескокне плотот
за да се врати кај последниот маж,
па кај претпоследниот,
и така со ред,
сè дури не стигне до првиот,
нејзиниот верен маж, нејзината прва љубов,
со кого беше заедно од дете,
кој заради неа стана помлад одошто беше.
„Немој да ми простиш", му рече,
„зашто ништо нема да заборавам,
ниту да избришам,
и сè уште ќе копнеам по сите љубовници,
и понатаму прескокнувајќи плотови,
паметејќи ги страсните прегратки
и ненадејните разделби.
Само прифати ме повторно,
без лутина и без прашање,
зашто во твојата прегратка и да се умре – се живее.
Во останатите времето ми ползи низ прстите,
не ми дозволува да го фатам, да го поседувам,
а во тебе ти си јас, а јас сум ти.
Мојот оган е во твоето, а твојот оган
во моето огниште.
Повеќе си од човек, повеќе и од Бог.
Ти си мојот мајчин јазик", му рече,
„на мојот ден – последната ноќ,
на мојот збор – крајната моќ".

Раде Силјан
ВО СПОМЕН НА ПРИЈАТЕЛОТ

Каменот те клевети Каменот те коби
Не знаеш на која страна може да ти одлета главата
Побрз си од мислата и звукот
Преспиваш на бела виделина и лоша заветрина
Црна дамка криеш во својто нежно срце.

Те бараат темни пори и зелени очи
Кајшто мириса роса за љубов и смрт
Штом трагата ќе ти ја најдат
Ќе ти го забораваат одот
Никој не ти го знае ни почетокот ни крајот.

Во утробата изгубена надеж талка
Под јазикот 'рти корен на осојно цвеќе
Од тебе подалечно со сета лажна среќа
Со тебе По тебе Во тебе За лек – за навек
Треба да се оди пеш до изворот на песната.

Марина Мијаковска
КАМЕНИ КОСКИ

Слово по слово
и коска по коска
во карпиве издлабив
стебло со камена приказна.
Се арчат хартии со сено,
нека се разлеваат реките
со заматено мастило.
Само јазикот да не пресуши.
Само нас нека нè има.
Да течеме по сите четири страни,
да го зачуваме зборот
и да ја зачнеме зброиграта.
Коскена игра во камено оро!
Јазикот коски нема,
а камени коски крши!
Јазик дамнешен и исконски!

Бранко Цветкоски
СÈ ОСТАНА ВО ЈАЗИКОТ
(песна за мајчиниот јазик)

Ја населивме земјата
И се подомивме во светата молитва.
Не восфаливме друго име –
Се откажавме и од своето.

А обезименото
Почна да се брани
Да се крие во земјата
Да молчи во садовите
Во нашите усти
Да се прибира во билките
И во иљачите
Во планините без одек
И по патиштата без крстосници
Та дури и сонот
Не можевме да си го именуваме
Ниту да им го раскажеме
На потомците...

Сега имаме усти без јазик
Реченици без полнеж
Пространство без ехо
Синор без синевина
Занемена татковина под јазикот.

Сè си зеде јазикот
Си врати во своите богати амбари
Чија внатрешност се мери
Со молчанието вечно
И преобилно збито
И чека на новите варвари
На самогласките што експлодираат
Во молкот меѓу слоговите
Што исчезнуваат заедно со нас –

Во нечитливиот ракопис на смртта!

Ели Маказлиева
ЧИТАЈ МИ!

Читај ми го напишаното
со македонски букви навезено,
од пердув и мастило обоено,
со извор вода подоено.

Читај ми го напишаното
со стихови распеано,
со сонце стоплено,
со љубов облеано.

Читај ми го напишаното
од прадедо рачно клесано,
со музика натопено,
од мајски ветер исушено.

Читај ми го напишаното
на македонски јазик испеано,
низ бурни времиња испливано,
од наши срца целивано.

Зоран Анчевски
ЧИТАЊЕ

Пелтечам пред п-п-п-
портите на Вавилон
сакам кажам–
не знам речам
Гласот се двои
се множи
под јазик се мрести
зборот
Па се прашам:
го кажав ли јас тој збор
или тој мене
или се лажеме–
ќе се лажеме до бескрај
ко што сме се лажеле
уште од памтивек
од првичниот ни џагор-говор
Напор да се препознаеме
во оваа дивина од огледала
во утробата на овој пра-
Зен свет–школка
пра-пра-пра-пра-
постојбина на ехото

Ирена Јурчева
МАЛА ПРКОСНА ПЕСНА ЗА ПОЕЗИЈАТА

Велат
сѐ е одамна напишано
и некогаш испеано
и секоја нова песна ќе му пркоси
на сјајот на својата претходничка
и ќе го вознемирува правот
во старите библиотеки-гробници

А зар може да се исцрпи
јазикот на сите светови
на кој со малку се кажува многу
од кој само една реч
покрива земски и небесни
пространства?

Славе Ѓорѓо Димоски
ГИ ПРОВЕРУВАМ ПОСЛЕДНИТЕ РАКОПИСИ

Седнувам и ги проверувам
Последните ракописи,

Но масата и столот
Под мене исчезнуваат.

Попусто ги гонам
Стиховите што зујат

Во воздухот.
Уморен врз подот паѓам,

Но не удирам во ништо.
Полека тонам. Потемнува

Моето тело. Срцето
Забрзано чука.

Јас го бележам
Тоа време
И го чувам.

Виолета Танчева-Златева
ЗБОРОВИ

Љубам кога ме галиш со зборови
тие мали нежни цветови на твојата душа.
Колку поретко ги сронуваш
толку поблаги се за увото.
Некогаш сум толку обземена од нив
што чекорам наоколу како маѓепсана.
Како и кај сите наркотични средства
се плашам само дека и нивното дејство
има ограничено траење.
Боже, дај тој омај уште малку да ме држи!
Барем неколку куси години
додека и самата не се разлеам во зборови.

Милован Стефановски
СТАРИ ФРЕСКИ

Понесени од гласот на Климента
полесно ни одеше sидањето
на сите манастири низ времето

Старите фрески кружно наредени
само за нас чуваат свето писмо
што ни донесе и добри години

Камбаната треба да се разбере

Кога доаѓаат нови времиња

треба љубоморно да го чуваме
коренот на кој ние израснавме

Сите стари спомени крај пепелта
го сврзуваат текот на животот
времето и бездната на просторот

А фреските кријат и нешто друго

Жаклина Михајлова
ЗБОР

И дојдоа тие и го оттуѓија
ЗБОРОТ,
го погазија, го соголија,
угол гол го оставија,
прост и безвучен,
безличен, ништожен,
празен, безвреден,
никаков, туѓ.
Нивното неделкано слепило,
наше огледало го сторија.
Сторија „сторија“ без корија
и ЗБОРОТ
со „не го било“ го покорија,
како нив го впрегнаа, го устроија.

Стефан Марковски
****

Да се сите исти
Во своите мечти
Да се сите балони со воздух од детство
Еднакво далечни;
Од нив:
Да се сите вистини и болки
Подеднакво закривени од кривото
И различно исправени од најправата
Отсечка што би замавнувала насекаде
Да не ја држеше оската
На безвремениот будилник;
Јазикот да не постои
А сепак сè јазик да е.

Ленче Милошевска
ГЛАГОЛИЦА

Во почетокот на небото и на земјата немаше зборови,
Зборовите излегоа од утробата на предметот

Абракадабра;
Јас создавам како што зборувам
Тоа значат зборовите
тоа значи Словото.
Сонувам реки и извори
Ќе зажилам дабови и високи тополи
Небото да го допираат
Винови лози, гроздови да раѓаат
Сè најубаво ќе поставам тука
Уште само народот да го дочувате.

Јас говорам само еднаш во илјада години
Создадов словенско писмо Глаголица
На светите браќа Кирил и Методиј

Аз, буки, веди, глаголи,...
првите се букви на глаголицата,
а тоа значи;
Јас буквата ја знам,
Јас словото го знам
Јас Бога го знам.

Милчо Мисоски
СОНЛИВА ТИШИНА

тишината не може да се создаде
не може да се потчини
таа знае сè
и претпоставеното и стореното.

тишината – време
што спие во јазикот на зборовите.

Славица Урумова-Марковска
МОЈОТ ЈАЗИК

Се борам со здивот, со душата,
со сето свое битие,
низ сиот свет, каде и да одам
зборот мајчин го гори моето тело
ме пали, ме жари, ме раскорнува.

Еј, човеку!
Кога ќе го слушнеш
и разбереш овој збор,
тоа е мојот јазик,
јазик на моите поколенија,
на мојот род.

Се обидувам со еден збор
да ти објаснам
дека без јазик сме
како дрво без корен,
птица без крилја,
река без вода,
мајка без пород.

Зоран Пејковски
УБАВИ ЗБОРОВИ

Убавите зборови
како ѕвездена прашина
со мирис на универзумот
ги обросуваат полињата на меирот,
на секој лист со полен исцртуваат
сонца како снегулки на дланка.

Внимавајте со зборовите
тие не се како крилјата на птиците,
да се склопат како облека на телото.

Погледот ги враќа зборовите
како одговор.

Внимавајте на погледот
тој не е како сенката на птиците
што ги надлетуваат мислите
и ги раздвојуваат патиштата.

Погледот и зборовите
летаат во исто јато.

Зоран Јакимоски
ЗБОРОТ НЕИЗРЕЧЕН

Сака да побегне
Да скокне преку плот:

Снагата облеана во пот

Си велам:
Е нема!

Кој ли ѓавол
мисла ми зема
Губам врз јазикот моќ
И притиска
пече
боли
зборот неизречен –
темно небо
врз крилеста ноќ.

Славица Урумова-Марковска
МОЈОТ ЈАЗИК

Се борам со здивот, со душата,
со сето свое битие,
низ сиот свет, каде и да одам
зборот мајчин го гори моето тело
ме пали, ме жари, ме раскорнува.

Еј, човеку!
Кога ќе го слушнеш
и разбереш овој збор,
тоа е мојот јазик,
јазик на моите поколенија,
на мојот род.

Се обидувам со еден збор
да ти објаснам
дека без јазик сме
како дрво без корен,
птица без крилја,
река без вода,
мајка без пород.

Влада Урошевиќ
ДЕТЕТО ШТО ЗБОРУВА НА СОН

Дете што зборува на сон, ноќе,
знае зборови што ги нема во ниеден речник.
Нашиот слух пред нив наполно без моќ е;
нашите знаења тука се само пречки.

Тоа се зборови-белутраци, зборови-грутки
што бескрајно време лежеле неизречени.
Тоа се ноќни зборови, зборови-утки
што од ветрот на сонот во собата се завлечени.

Тоа се зборови што доаѓаат од темнината.
Нивните облици се насетуваат потамина.
Нивната смисла е веќе некаде замината
а тие не се решаваат по неа да заминат.

Васил Тоциновски
ЗБОРОТ

Чувај го зборот до последен здив
одбрани ја приказната од смртоносен оган
зашто кажаниот е неразбран и непожелен
заскитан куршум со непознати намера и цел
премолчи го во тишина, закопај го длабоко
да не боли, да не пече таговно воспеал народот.

Кажаниот збор не познава близок и љубен човек
сам по себе тој е проколната судбина
непожелен гостин, туѓинец, откорнатик
закатанчен ковчег за кого гроб нема
оти му било проречено на третата вечер
да биде самотник и голтар распнат
на голем крст од гнило дрво без корен.

Мигот е вечност и друга вистина нема
затоа чувај го зборот, одбрани ја приказната
стори го тоа ако и малку се сакаш себе
сокри го од блиски, доверливи, мили луѓе
сочувај му го достоинството
оти еден збор со себе носи многу, недоброј зборови.

Сега приказната ти е позната, предупреден си
додека надвор завива глутница гладна и бесна
сочувај ги зборот и приказната живи и здрави.

Јулијана Величковска
(безвучна...)

безвучна уснена според местото на образување избувлива според начинот глас буква од азбуката буква со реден број – кој? безвучна очна? фрик freak фрикативна согласка согласна? не! тврдонепчена непчена непечена тврдоварено јајце клетка? сам сама само гласка од заден ред преградно-теснинска струјна стројна? у! у! напиши мало у точка убава една од петте? буква со реден број – кој? венечна уснена уснена у! усни! у сни сонувај с! (с овци с кози) со реден број кажи кој? кажи кажи кажи кој!

Приредила: Марина Мијаковска

РЕШЕНИЕ ЗА МАКЕДОНСКАТА АЗБУКА

ГРАДСКИ Н. О. О. - БИТОЛА
ПРОСВЕТНИ ОТДЕЛ
Бр. 347
21 - V - 1945 год.

До сите Раководители на основните училишта

В и т о л а

Окружно просветни отдел со писмо бр.341/18-V-1945 год. достави следното:

"Согласно писмо бр.2625 од 6-V-1945 г. на Министерството на народната просвета,Ви се испраќа Решението на Народната влада на федеративна Македонија за македонската азбука.

Р Е Ш Е Н И Е
за македонската азбука
чл.1
Македонската азбука има 31 буква.Тие се:

А а, Б б, В в, Г г, Д д, Ѓ ѓ, Е е, Ж ж, З з, Ѕ ѕ, И и, Ј ј, К к, Л л, Љ љ, М м, Н н, Њ њ, О о, П п, Р р, С с, Т т, У у, Ф ф, Х х, Ц ц, Ч ч, Џ џ, Ш ш,

ШТАМПАНИ БУКВИ

А а Б б В в Г г Д д Ѓ ѓ Е е Ж ж З з Ѕ ѕ И и Ј ј К к Ќ ќ Л л Љ љ

М м Н н Њ њ О о П п Р р С с Т т У у Ф ф Х х Ц ц Ч ч Џ џ Ш ш

чл.2
Ова решение влегува во сила од денот на објавувањето.

Министер на просветата,
Н.Минчев,с.р.

Председател на Народната влада,
Л.Колишевски,с.р.

Нови букви во азбуката се ѓ,ќ, ѕ, љ, њ, ѣ, џ . Првите две имаат акцентни знак одгора:првата одговара на досегашната гј,втората на кј,третата на-дз, /двер-ѕвер/четвртата на -лј,петата на-нј,и шестата на дж.

Во правењето на темниот глас ъ,што во извесни говори се развива пред _р во примери како сърце,дърво,комисијата установи дека не е потребно да се внесуе таков знак во нашата азбука,бидејќи процесот на развивање ъ не е доволно изразен во нашите говори,каде што_р си ја носи својата слоговна функција:срце,дрво,крв,смрт.Во почетокот пак на зборот,бидејќи тука нема посилно изразен темен призвук пред_р се уведуе напоменувањето на апостров пред р :'рж,'рт,'рслан."

Горната да се саопшти на сите учители,за што на своите ученици.

Раководител,
Јаче Стефановски



Студија

821.163.3-93(049.3)

ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА

Мито Спасевски

ВО ПРИСЕТ

ЕХОТО НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ НИЗ КНИЖЕВНИТЕ ЗАПИСИ

Творечките ескалации и ехото на уметноста кај Видое Подгорец значат сочно поимање на времето за еден од најзначајните современи македонски литературни творци за деца. Ехото на неговото уметничко творештво и бранува и струи и во оваа современа творечка доба како уметничка преселба и интонација на неговото грададно и пред сè уметничко-естетско творештво за деца.

Децении од неговото раѓање немерливо апострофираат опстојба на знаменит автор за деца темелито на македонските простори, но како македонски репрезент и пошироко на балканските и јужнословенските литературни одзвучја за деца. Литературното творештво за деца од Видое Подгорец е своевидна многуречита и многупорачателна творечка и уметничка лектира, не само како ученичка, уметничка благосостојба, туку и како своевидна поетска и писателска инструктивна лектира.

Творештвото на Видое Подгорец е своевидна творечка рецептура.

Не случајно се бројните преводи на творештвото на Видое Подгорец, бројните проучувања чинети децении наназад, но и сега. Неговата вонвременска уметничка проекција инсталирана во литературните дела и денес забревтано импулсира од неговото Колешино, каде и денес се рефлектира видокругот на неговото творештво низ бројни конференции и публикации на кои им припаѓа и е публициран доминантен дел на оваа опсервација.

Творештвото на Видое Подгорец може да се набљудува од различни аспекти. Предмет на оваа присмотра е мајсторска креативна поставка на уметничките слики и прикази во најголем број од творештвото на Подгорец. Се има впечаток дека Подгорец е еден од највештите македонски маестрални, кои зборот го дизајнираат со исклучително развиена книжевна стилистика, која надоаѓа и бликнува како плима во делото, или напати таа пулсира низ пластовидните коридори и посоки на делата.

Подгорец е неуморен создавач на книжевни слики. Тој е спознателно лоциран на претрагите на дејствата формативирани во делата, но и книжевните слики и нивните ескалации во развојните содржински рефлексии на делото.

Дури и кога се наслутува неговата вдлабеност во уметничката поставка, на повидок е зафат за нова алокација на литературните уметнички дисперзии на уметноста на зборот и неговата посока и рефлексивна податливост.

Следствено на показ антиципирам одделни книжевно-уметнички бликнувања, скротливо проектирани низ творечкиот усет на Видое Подгорец.

Така во прозниот апликат на созвучјата на епохалниот автобиографски роман „Првото писмо“, Подгорец ќе запише:

„...Јас попусто го очекував својот плик полн со тешки и топли мајчински зборови со поздрави од татко ми, од дедо ми, од баба ми; со многу пораки и совети што може да ти ги даде само мајчината душа. По секое делење на поштата во мене се отвораше празен гроб, зјаеше таа празнина, црна и штура, болна и зајачена, ненаселена со никаква утеха. Јас сум отпишан од списокот на живите, не постојам за нив, ме заборавија, се откажаа од мене, ме отфрлија таму некаде во некојси град и точка.

...Чудно, можеби и моите веќе не ме сметаа за дете, одамна ја бев наполнил четирнаесеттата, уште во јуни, ама понекогаш чуствував вистинска потреба да се исплачам. Плачот надоаѓаше некаде од длабоко, од некој скриен извор во градите и солзите некако сами ми извираа на очите. Тогаш брзав да се најдам на својата земја, во она затулено катче. Згрчен помеѓу сивиот сид и рапавото стебло на маслинката, скриен од очите на целиот свет, извесно време останував насамо со својата болка, потресуван од црни сомневања, неутешен.

Откако ќе се излееше од мене насобраната тежина и сонцето на надежта пак ќе пуштеше плашливо зракче да ме загрее, се враќав меѓу децата, се впуштав во секојдневниот живот. Тогаш отапував, ми беше седно дали ќе добијам писмо или не, заборавав на писмо. Едноставно, заборавав.

Но, таа заборавеност, таа помиреност со судбината траеше само до следниот ден, до следното попладне – времето кога се делеше поштата. Тогаш пак ќе почнеа да ми жаварат некои црвје, ме обземаше онаа нетрпеливост во очекувањето на првото писмо од дома. Напати надежта толку многу нараснуваше, ме подгреваше, што бев сигурен дека овојпат писмото ќе биде во моите раце.“

Бликот од дизајни на уметноста на зборот распослан, речит, сознателен и фреквентно актуелен, воздигнат на книжевниот подиум за деца, стројно изгнезден по литературниот опус што Видое Подгорец ни го остава како благодатен ресурс на мегданот на македонската литертатура за деца. Тоа констатно ме обзема и мене како еден од проследувачите на неговото творештво.

Творештвото на Видое Подгорец е исполнето со исклучиво креативни воспеви и поетски писателски абецеди.

Во друга пригода во прозен сплет се плашливиот зрак што загрева морно, тежината што се излева од душата, надежта што подгрева.

Збогувањето со детството е појдовниот раскажувачки азбучник на Подгорец распослан во делото „Првото писмо“. Капиталноста на ова дело рефлектира видни книжевно-творечки нагорнини. И мисла и граѓа и пластови од мотивски и композициско-сижетни акварели.

Плими и синтези на вистинска поетска проза и прозна поетика.

Тука се „внатрешната неосознаена побуна, морните топлини од присетот на градините, полјаните и носталгичните викотни носталгии...“

Невиден автобиографски испис на душата како овој овде, овој како ехо на Видоевата душа и зачекор кон пови-

ците на живот и новите искушенија и походи.

Пластови на творечкото време на авторот, но и на читателите и неговите почитувачи изѕидани од неговите многуречити писанија. На дофат на неговите проследувачи стокмени се и моите записи за неговото дело.

Збогување со детството – морни присети за детските врвежи.

„...Колку што се приближуваше денот на заминувањето, во мене сè повеќе нараснуваше некој нејасен а осетен отпор, некоја сè уште неосознаена внатрешна побуна. Сите мои четиринаесет години, сите четиринаесет златни есени пречекани во родната долина и испратени од неа, со својата неискажлива убавина протестираа против тоа заминување. Чувствував како низ градите ми поминуваат трпки, некое липање, што надоаѓа длабоко од срцето, а не може да се излее во плач, не може да писне низ солзи. Нешто многу силно и судбинско ме сврзуваше за овие патеки што ги газев. Како да ја оставам реката без тревожна воздишка? Можам ли туку-така да им свртам грб на градините и ливадите, на лозјата, на оревовите кории, на потоците во подножјето на мојата убава планина? Бев дел од нив, ливче едно, тревка, една безгрижно излетана птица. При помислата дека сето тоа треба да го оставам зад себе, да заминам некаде, да избегам, ме обземаше мачно чувство на корнење. Ете така, те истргнуваат од земјата со која си се сраснал и при тоа истргнување ти ги оштетуваат, ти ги кинат оние ситни и кревки коренчиња и жилки, навидум безначајни, невидливи со просто око, но најважни твои делчиња. Низ нив дишеш и се радуваш, преку нив ги пиеш соковите од родната земја, раснеш и живееш.... Такво едно тешко чувство ми ги налегнуваше градите, – посочува Подгорец. Од неговите морни присетувања тој ги измолкнува тревожните спомени.

...Понекогаш и самиот посакував да се фатам во едно слично искушение. Пасејќи ги овците на некој рид, ќе седнев така загледан во патот што водеше некаде надвор од долината, преку планините на северозапад, кон далечниот и непознат свет и си велев: каде стигнува тој пат? Ако тргнам по него не ќе ме проголта ли онаа синкава измаглина во далечината? Но тоа беше само моментална опиеност на едно овчарче, опиеност од жедта за непознатото, што потоа се сведуваше само на неколку сосем трезвени и најобични прашања, на кои никогаш не можев да си одговорам сам, а не барав одговор ни од оние што можеа да ми го дадат.

Што има таму, зад планините? – се прашав. Каков е тој свет избразден со реки и пруги, насаден со градови, залеан со сини езера, за кои слушав само од селаните што се враќаа дома по ислужениот воен рок? И нели е толку голем за да се загуби човек во него, бесповратно да исчезне? – ми се редеа прашањата сами од себе.

Колку и да ми изгледаше непознат, застрашувачки таинствен, неодгатлив, далечен и туѓ, сепак, тој свет беше и примамлив, и тоа токму со својата таинственост.

Во тие часови на тивка осаменост, додека ги пасев овците, бев вистински патник жеден да открива нови пространства, чудни предели и далечни места, но само во мислите, летнат со крилата од богатата детска фантазија, воден од копнежите.

Сега одеднаш ми се отвора таа можност да отпатувам, толку одеднаш ми се нуди остварување на детскиот сон, што дури се исплашив.

Во тој убав септемвриски ден, сончев и чист како солза, лунѕав низ градините околу селото, исполнет со некој внатрешен немир како птица пред селидба, постојано бегајќи од мислата за заминувањето. Но таа мисла беше заседнала длабоко во мене, толку проклето присутна, ја носев во секој чекор, ја наслушнував во секое отчукување на срцето, како беспоштеден звук на неуморен часовник, што го дроби времето на ситни, остри делчиња, и секое од нив те боцка, те предупредува, те застрашува: „Збогум... збогум... збогум...“ Особен е авторскиот показ во доловувањето на априлските немири:...На последниот час по ботаника професорот Јосиф Дроздовски ни рече дека е време да почнеме да собираме билки, цвеќиња листови за хербариумите... Одвај чекав да осамне неделното утро.

...Беше тоа во април, рана пролет, најубавото време во годината. Легни на земјата, наслушни ја, а таа дише со полни гради, збивта некако заситено, не уморно, не болно, се издишува со некое чудно олеснување се ослободува од нешто. Ако го долепиш увото до некое дрво, ќе чуеш како под неговоата кора струјат потоци, скокови, клокотат, вријат. На гранките прскаат пуполките во разнобојни цветови. Ех, априле, априле! Чекориш по светот и не знаеш што понапред, да гледаш или да слушаш, да мирисаш или занесно да тонеш во ровката земја. Те обзема некоја милина. На душата ти е топло. Те преплавува некоја огромна река светлина и ти се чуствуваш како некое делче од шумата на пролет што лудее околу тебе, опијанет, ошумоглавен.

Пластува и распластува Подгорец...

Неуморна, стокмена и препознатлива по својот книжевно уметнички, стилистички наплив е орнаментиката и книжевниот устрој во исклучително грамадниот книжевен базен што колку што му припаѓа на авторот, толку повеќе на читателите. Токму тој непресушен исплив на уметничките возвици му ги дава и тестаментните бележитости на неговото творештво.

„Излегов од градот и тргнав по брегот на реката. На два-три километри подалеку, во полето, за врбови и тополови шуми, таа се развлекуваше од своето кривулесто корито и правеше неколку широки вирови, што потсетуваа на мали езера. Од сите страни трски. Такви предели, на кои густата растителност им дава извесна таинственост, има на многу места во светот. Ги има и во мојот крај, околу реката покрај поголемите потоци.“

Вдахновено во прозниот запис е лексичкото моделирање на книжевно раскажувачкиот хербариум, каде Подгорец сликовито интонира.... како река светлина... пролетта што полудува по тебе... земјата што дише и збивта со полни гради... потоците што струјат...

Ликот на Нурија во авторскиот запис на Подгорец, е посебно книжевно гравиран:

...Во еден невесел, оловен студеникав ден, се случи она за што сакам да ви раскажувам. Стушеното стелно небо беше готово секој миг да да ги пролее своите студени солзи по калдрмисаната тесна уличка. Врз проретчените лисја на дивиот костен, матно одблеснуваше згаснатата црвеникава боја на доцната есен. Часовите само што беа завршиле, екстерните (така ги викавме оние што не беа во интернатот), си одеа по своите домови, а ние „макаренковците“ се собиравме на портата, околу мршавиот Нурија....

Подгорец го продолжува моделирањето на ликот на Нурија, однадвор и однатре на битието на ликот, често инсталирајќи ја градацијата, а не ретко и осетно степенувајќи ги сензибилните поенти на ликот на Нурија. Така Подгорец продолжува:

...Кутриот, молчалив и плашлив Нурија во тој миг беше најсмешното и најтажното дете под небото. Тој беше вистински кловн! Гледајќи го така, не знаеш дали да плачеш, или да се смееш. Неговите крупни испакнати очи, во кои постојано болскаше тенок сјај на сребрена влага, одеднаш толку тажно се заматија, што дури помисливме дека детето ќе се загуби, ќе падне со тилот врз камењата и ќе умре, истиот миг ќе умре. Оф, не!

...Тој беше свикнат да ги поднесува подбивањата, тој безмолвно ги трпеше навредите што му ги нанесуваа другите.

Кој ќе верува дека под таа предвреме остарена детска кожа се крие кремена издржливост? Духовно епски со уметнички викот како вешт книжевен сликар на душата, јазично исцртува Подгорец.

Но Подгорец, книжевниот сликар и певец на уметничките записи, следствено сее нови уметничко-етички исцрти и ориентири.

...Сребрената влага во очите на младиот продавач прелеа. Почна да липа, слабите раменици му се тресеа од плач, сиот тој се тресеше згрчен, закожурчен во својот страв. Верувам дека во тој момент ги проколнуваше сите луѓе во светот, а најмногу нас сеирџиите. Бевме цела сурија, бевме дваесет, триесет, а никој не крена рака да го одбрани сиромашното момченце, никој не крена глас против неправдата што се одигруваше пред нашите очи. А можевме, Нурија го знаеше тоа, можевме да ги подадеме малите прстиња, да го поткачиме Климета и да го фрлиме зад оние ридови таму, гад еден таков, разгален, далеку да биде злобата од луѓето, тука нека остане само правдата. Но, ете ќе се случи така, што човек прво од неа ќе се разочара.

Во „Баладата за црвениот чевел" поетскиот спев на Подгорц, плови низ стихови што едрат со китна стилистика и метафорика.

....Црвен детски чевел на пустата плажа/ пред песочен дворец верно чувал стража.

Дошол бран на полноќ и му шепнал само:/ – Зар пловидба ноќе, тебе не те мами?

И човекот тргнал – чун без едра бели –/ по водите сини, во подвизи смели.

Ноќ. Плисок на далги. И безбрежност бездна./ На небото – луна. И ѕвезда до ѕвезда.

...Пловел чунот саноќ по море без почин,
преполн со месечина и ѕвездени очи.
Изутрина рано ветре лесно него
го вратила тивко повторно кај брегот.

Вистински импресариум е раскажувачкиот потфат и приказен контекст во сказната „Ноќен разговор".

Не оти тоа е суптилната химна на уметничкиот пев на Подгорец, кога тој во наплив го носи „ѕвездениот зрачок, ливатското цвеќе што се готви да заспие, ветрецот што шумоли".

Три светулки ги запалија фенерите и летнаа. „Каде по оваа темнина, пријателки мои?" – ги праша ливадското цвеќе што се готвеше да заспие.

„Каде ќе одите, мои далечни сестрички?" – се јави ѕвезден зрачок.

„Каде, каде?" – Шумолеше тих ветрец над полето, следејќи го нивниот лет.

Првата светулка прва се огласи:

„На болното дете, драги цвете, од твојот мирис ќе му ја наполнам чашата на сонот. Нека сонува дека расте во најраскошната градина".

Втората светулка тихо проговори: „О, ѕвезден зрачок, каква волшебна убавина имаш ти! На тажното дете ќе му отворам патека во сонот и ќе му ја полеам со својатата светлина. Нека сонува".

Третата светулка му одговори на ветрето: „Од твојот шепот на несреќното дете ќе му исплетам сказна за среќата. Радоста нека му го исполни неговото малечко срце".

Трите светулки одлетаа на три страни.

Видое Подгорец неоспорно е особен сплетител на сказновитоста и сижетно и раскажувачки и лексички. Таков е случајот и со сказната „Суница".

...Дождот престана. Над полето се изви венецот на суницата, испреплетен од седум прекрасни свежи бои.

Три девојчиња – Снежана, Зага и Весна – го видоа, па пленети од неговата убавина, си ги искажаа своите желби.

– Сакам да сум птица и да одлетам до Суницата. Во неа ќе свијам најубаво гнездо, какво нема ниедна птица на земјата.

– А јас... јас би сакала од суницата да си направам ѓерданче и да си го носам околу вратот.

– Мајка ми многу ги љуби убавите бои. Од конците на суницата ќе извезам прекрасна шамија и ќе ја подарам на мама за роденио ден.

Суницата како да ги слушна желбите на трите девојчиња. Таа се исплаши да не го расплетат седмобојниот венец, па почна да се оддалечува зад гората. Девојчињата долго ја бараа со погледите, но попусто.

Од синото испрано небо им се насмевна сонцето.

Сказната за „Самотниот штрк" е вистинска поетика на умисленият раскажуважа, Видое Подгорец, неговата суптилност и рефлексивна прозно-поетска реч и книжевен показ и подвиг. Литерарниот усет на Подгорец творечки ќе стилизира речито:

...Летото одамна си беше отидено. Птиците се преселија во топлите краишта. Ветрот ги тресеше последните жолти лисја од гранките. Полето лежеше обрано, пусто.

По ливадите покрај реката се шеташе самотниот штрк. Тој секоја вечер се прибираше во гнездото на една селска куќа. Наутро сончевите зраци го будеа од сон и пак одлетуваше во полето.

– Зошто не отишол со јатото? – се прашуваа луѓето. –Зар мисли зимата да ја пречека тука?

Се случувало да остане по некој штрк со скршено крило, со скршена нога – сакат. Останувал до првиот снег и загинувал.

А овој – изгледа сосем здрав.

Подгорец ставајќи ги на отслик и уметноста и раскажувачкиот протек на сказната, продолжува со својот ткаеж на мислата:

Навистина, самотниот штрк имаше здрави нозе и крилја. Но тој беше многу стар и изнемоштен. Стежнатите крилја не можеа да го однесат до песочните брегови во далечната топла африканска земја.

Остана во родното поле да ги доброи последните денови од својот живот.

Нема поубава земја од онаа која ти ја дал животот.

Родниот дом не може да се замени ни со најголемото богатство на светот.

Стариот штрк го знаеше тоа и затоа остана да умре во родното гнездо.

Со чувствен и кроток раскажувачки од, Подгорец ја обликува сказната и сторијалот за осамениот штрк, небаре тоа е крик на секое живо битие раскрилено на родното небо и огниште, како што е самотниот и стар штрк меѓу овие топли предели под небото на авторот и далечната топла Африка.

Врвеж, време. Девет децении од раѓањето на Видое Подгорец, моќна и препознатлива, бележита и многу речита и репрезентна творечка зафатнина благородно податлива во современата македонска литература за деца, кај нас и надвор од нашето творештво.

Во закрилата на современата македонска литература за деца во наша опкружба го спознаваме и сега големиот творечки корпус на литературното творештво за деца и неговото гласно ехо расплискано во македонските книжевни атари, како негово грамадно порачание за довтасувањата на неговото творечко дело и неговите авторски присоци во времето во кое тој ги врежа своите творечки записи, како низ прозата така и поетството ширум современите македонски литературни координати во творештвото за деца.

Време, врвеж време...



Проза

821.163.3-93(049.3)
821.163.3-32

ГРАДОВИТЕ НЕ МОЖАТ ДА БИДАТ ПРАЗНИ

Јовица Илиќ

Градовите не можат да бидат празни, празнината е отсуство на чувство размислуваше Симон Ворд додека ја правеше ноќната прошетка. Празни можат да бидат куќите и мостовите и по некој напуштен излог за храна пред кој го нема питачот Џој да ги впива вкусовите на недопрените производи. Градбата и дизајнот на куќите пред кои минуваше му изгледаа како апстрактни храмови на едно време, му будеа чудни мириси на доживувања па ноќта му изгледаше како мистична скривница од ритамот на денот. Токму во таа скривница влегуваше Симон додека се движеше газејќи во своите чевли со чекор распрснат како по некоја географска карта. Симон студираше филозофија и не ги сакаше патувањата. Беше убеден дека патувањата се еден вид ескапизам. Повремено се гледаше со Марија која од кога преживеа тешка сообраќајна несреќа остана неподвижна. Марија беше студент на виолина ја сакаше музиката, Симон велеше „кога свири Марија просторот добива друга геометрија и телата на присутните стануваат еластични а предметите сами ги наоѓаат своите позиции". За време на викенд Марија свиреша во некој од локалите во градот а Симон и помагаше околу нејзиниот настап. Празен беше просторот без звукот на виолината за Симон. Тој знаеше да ги врати во себе сите мелодии од некоја арија што ги изведуваше Марија. Тоа враќање на звуците беше еден вид пробразба на видливиот свет или замена на неговите материјални контури.

Градовите никогаш не можат да бидат празни, празни можат да бидат соништата кои никогаш не биле допрени од љубовта, размислуваше Симон. Тие соништа беа како ветер кој на хоризонтот ги пишуваа трошните остатоци од урнатините на минатото. Таква беше случката која се случи додека Марија го затвори настапот со Suite No. 1 од Бах кога во локалот влезе една задржана старица пристојно облечена и почна да разговара со еден од вработените. Вработениот смирено ѝ покажа на старицата каде може да седне. Старицата имаше манир на госпоѓа, синото палто и префинетите дамски движења ја оддалечуваа од дизајнот на целиот простор. Оптегнатата скоро прозирна кожа на лицето како да го криеше она што во оваа жена домуваше. Тајновита беше оваа старица помислија Симон и Марија. Тие можеа да видат некоја скриена внатрешна состојба, но не можеа да кажат каква е таа состојба. Како некој дел од еден живот кај оваа старица да е откинат и празен. Како во мозаикот на сликата да недостига еден детал. Локалот се испразни, келнерот ги привршуваше финалните работни обврски па Симон и Марија ја поканија старата жена да дојде да седне на нивната маса. Многу смирено со еден лесен чекор старицата се подигна и недвосмислено стана и појде до нивната маса. „Јас сум ограбена" со мирен глас проговори жената, сега немам ниту пари ниту каде да одам. Јас сум од Вршац, дојдов во вашиот град со воз. Барам место каде можам да преноќам. Јас сум Мирела Агаиќ писател, инаку се пензионирав како контролор на летање во Белград. Веќе утре имам договорено и закажано престој во манастирот каде пишувам книга за манастирскиот живот и животот на монасите. Симон и Марија беа изненадени за тоа дека госпоѓата ментално ги поврзуваше сите настани, многу прецизно и недвосмислено се навраќаше на минатото. Во секое нејзино движење се појавуваше појава на искусна жена интелектуално изградена со особен интерес да зборува за себе. Бев жена на познат рок-тапанар рече, имам поминато многу турнеи. Сопругот ми почина па за да ги објавам своите книги морав да ги продадам неговите тапани. Тешко се разделив од инструментот во кој мојот сопруг го вложи целиот свој живот. Палеше цигара и смирено вовлекуваше од димот. Никаква трага на вознемиреност поради тоа што беше ограбена не можеше да се забележи кај неа и тоа ја правеше уште потаинствена. Оваа жена која се претстави пред Симон и Марија сепак беше непозната. Со еден дел го вознемируваше она најдлабоко чувство во нив, чувство на тоа дека нештата изгледаат познати а сепак се туѓи. Толку беше голема таа непознаница што како да беше еден вид страв. Страв од непозната празнина. Симон размислуваше дали можеби тоа е научена реакција од животот, рутинско говорно претставување пред сосема непознати лица. Да бидеш ограбен да си во непознат град, да седиш со непознати луѓе и да се претставиш како писател што треба да пишува книга за животот на монасите. Многу настани од животот искажа старата госпоѓа без интерес да ги запознае или нешто да слушне за Симон и Марија. Им беше непријатно јавно да споделуваат мислења која би можело да биде оваа госпоѓа па затоа разменија неколку СМС-пораки на телефоните и се договорија дека најдобро е Симон да ја одведе во хотел и да ја смести да ноќева. Марија го понуди својот вечерен хонорар за да го плати хотелот. Старицата се заблагодари и побара адреса на која ќе ги врати парите од кога ќе заврши со престојот во манастирот. На што Марија ѝ кажа дека не треба да ѝ ги врати парите и дека секому може да му се случи такво нешто, па човечки е да си помогнеме. Старицата се заблагодари и молчеше.

Стигнаа до хотелот и Симон ѝ помогна на старицата околу багажот. Големиот црн куфер криеше многу нешта. Рецепционерот воопшто не покажа интерес ниту знаеше која е оваа жена, Симон го гледаше в очи, надевајќи се дека можеби нешто ќе открие. Лифтот не работеше и Симон го качи нејзиниот куфер на вториот кат. Старицата се заблагодари и влезе во собата.

Вратата се затвори, а Симон го почувствува тој звук налик на тресок што го потресе од пети.

Таа ноќ беше темна. Марија му се јави дека е сè во ред и дека е дома не спие и пие чај. А Симон продолжи да чекори низ градот во темнината и архитектурата на една празнина која само навидум е празна, која впрочем е неразбрана и таинствена како и таа старица во таа ноќ, за која се сеќаваше.

Повторно размислуваше за празнината како отсуство на чувство. Можеби чувствата се болест што денес треба да се лекува. Можеби само празнината е форма на едно минато време во кое никој не учествува. Што ли крие градот додека старицата со име Мирела Агаиќ ја подготвува книгата за животот на монасите некаде над хоризонтот на невозможното што сепак се појавува како сенка на еден живот.

Симон беше буден во еден град. Беше буден и скитникот Џој стоејќи пред излозите со храна. Двајцата носеа некаква празнина.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНА

Васил Мукаетов

СЕ ШЕТАМЕ ПО ГЛОБУСОТ

Глобусот е светот на дланка
напоредници и меридијани.
Зелени копна, планини сиви,
модри мориња и океани.

Со дедо ми шетаме мудро.
Со прсттот некаде над Сахара.
Некои непрегледни песоци жолти,
трепери воздухот како над скара.

Не сме за тука!
Овде од жештини,
главата пука!

Одиме ние на север!
Арктик и Гренланд. Ледено море!
Сè е во мраз. Од долу до горе!

Не сме за тука!
Како во фрижидер
срцето чука.

Австралија!
Таму се тетин Јосиф
и тетка Наталија!
Вчера ни се јавија. Сите нè поздравија.

Не сме за таму!
Чекаме да долетаат
нашите ваму!

Малку в десно!
Суптропски страни и вулкани!
Не ни е лесно. Дури и бетер.
Вулкан Попокатепетел.

Не сме за тука! Налево круг!!
Нека повели некој друг.
Дедо ми намига. И се смешка
-Да не влегуваме од грешка во грешка!

Дај види каде е нашава куќа.
Најди го и соседовиот дуќан!
Овде е вистинското место за внукот.
И оди навади го во бавчата лукот.



Писмо до Алдо Климан

821.163.3-6

ПРЕПИСКАТА КАКО КРИТИКА

Санде Стојчевски

Искуството на сите што на каков и да е начин се дел од книжевната уметност, од нејзината атмосфера барем, покажува дека односот спрема едно книжевно дело се изразува преку широка скала пристапи, почнувајќи од искрен пријателски разговор, па преку импресионистичка записка во периодиката, сè до темелна критичка анализа на квалитетите или неотпорностите со кои тоа се покажува или се одликува. Преписката меѓу авторите или меѓу читателите во врска со прашања што суштински се однесуваат на природата на уметничкото дело воопшто, или барем на конкретна книга, исто така, во определени случаи, може да се препознае како текст што е многу блиску до литературна критика, или дека е отворен пристап кон потемелна анализа. Во моето повеќедеценискo занимавање со литературата стапував во плодоносна преписка со голем број значајни автори од Македонија и од светот, и тоа беше можност, во дел од преписката, размената на мислења понекогаш да заприлега на вистинско критичко толкување на едно дело или, пак, респектабилна размисла околу прашања поврзани со нашата скапа уметност. Откако ќе се подразбере и ќе се претпостави конвенционалната рамка, (обраќање, поздрави), во преписката што содржи, барем донекаде и макар во разблажена форма, јатка од книжевно промислување, тогаш овој вид на вообичаена

комуникација се здобива со епитет на незаобиколна литературна одлика.

Непосредниот поттик за овој запис се врзува со едно неодамнешно изненадување што ми го приреди истакнатиот македонски и хрватски поет, раскажувач, преведувач и литературен критичар Алдо Климан. По долги години разредена комуникација, Алдо ми испрати скапоцен пакет: три негови најнови книги – поетска книга, збирка раскази и избор од неговата обемна критичка активност. Со големо љубопитство ги прочитав неговите најнови книжевни објави и се навратив на нашите младешки книжевни соништа, а подоцна и на нашата полнозначна книжевна преписка, која беше на некој начин компензација за прекинатата непосредна комуникација додека тој живееше, работеше и создаваше во Скопје. Се надевам дека ова поранешно писмо што подолу им го нудам на читателите може, барем во извесна мера, да ги оправда овие претходни размислувања за книжевната арома и привлечноста на преписката кога нејзин предмет, макар и посредно, е литературата.

Драг Алдо,

Со тешко срце, но навистина се уверив дека старост сè почесто нè враќа во детството, во младоста, накусо, во минатото кое од овие старечки години ни се чини повеќе од розово. Ме теши помислата дека таму сепак имало и такви, ако не сосема розови нешта, тогаш барем проткаени со розови појаси. За ова почнав интензивно да размислувам откако деновиве Весна ми го отвори твојот мејл ли, портал ли, не знам точно како се викаат тие модерни форми на комуникација, и со огромна радост ги читав твоите заумни, полни со метафизички трептеж стихови, башка со толкава стилска перфекција обликувани што со голема радост се присетив на оние умни реченици на Готфрид Бен, а имено, дека зад секој вистински творец на крајот остануваат десет до дванаесет песни што се опираат на заборавот. Па тоа нели значи дека навистина е сосема небитно колку купишта текстови остануваат зад некого од сите нас, сè е попусто доколку ги нема тие десет до дванаесет песни. Па уште си спомнав за Едгар Алан По од кого и ден-денес наизуст знам три до четири величествени песни, и прашање е дали освен нив има и уште некој лирски состав. Во твоите, главно куси лирски песни, се вкупом величествено дејствуваат и инфитизималното и космичкото, темелно вткаени во топлина и во лирска благост, која ја помнам кај тебе уште од нашата младост, кога ми ги читаше песните на Чезаре Павезе. Во едно скапоцено писмо што ми го испрати на 27.3.2001 година неправедно ги квалификуваш своите песни како „неуедначени небески парчиња“ и уште како „диви астероиди што се разлетале на сите страни по своите случајни патеки“. Од овој строг опис мене ми се лепи за душата определбата „небески парчиња“, за кои јас би додал уште дека се и небесни, а тоа што се парчиња поинаку и не може да биде, бидејќи сè што ни доаѓа од горе, од високо, има небеска меморија и може да биде само дел, само парче од небото, зашто целото небо му припаѓа единствено НЕМУ, на Оној Којшто Е!

Но, да не забегувам во општи места, да се вратам на твоите лирски раскошни фрагменти кои, онака нанижани во лирски ѓердани, еманираат од тврдата демонстрација на реалните појавности, на грубите феномени, и сведочат за раскошот и за таинството на ноумените, на она што самото по себе е, но и неотстапно втиснати, изрезбарени во јазичниот материјал, седедно дали му укажуваш доверба на твојот македонски или на твојот хрватски јазик – блазе си ти, блазе си им! Да те потсетувам ли дека уште во твојата „Забранета овошка“ има песни што и ти, но и јас, ги знаевме и сè уште ги знаеме напамет: за мечкарите крај оган, за јанганот ко зверe...

Страшно и величествено е што во мај идната година се навршуваат педесет години од објавувањето на мојата прва книга „Кралот на лебедите“, повеќе од половина столетие, Алдо! Се носев со мисла по тој повод да подготвам едно реиздание, заедно со критичките текстови за тие мои рани песни, со вестите и со разговорите во врска со тоа дебитирање, но гледам дека навистина веќе ретко кој сака да земе книга в рака, сите ставаат нешто на Фејсбук, а ти знаеш дека јас сум непоправливо конзервативна природа, па сите комуникации преку ваквите форми ми ги овозможува мојата скапа Весна.

Значи, си правам биланси, крајно време е да си поднесеме сметка, вкупом со грешките и со гревовите, па се прашувам мораше ли толку епски да се однесувам кон текстот, кон контекстот во кој самиот барав да се најдам, но и бев втурнат во него, па речиси целото време што Господ ми го стави на располагање го вградив во текстот и во негова одбрана и заштита, и го бранев речиси со 2000 жестоки страници полемика, која со тебе заедно ја започнавме во бурната младост. Често се прашував како ли ќе изгледаа и мојата и твојата книжевна активност, но и сликата на севкупната македонска современа литература доколку заедно бевме активни сиве овие децении. Сега, што е, тука е!

Големи поздрави од твојата Македонија!

БЛАГОЈА РИСТЕСКИ ПЛАТНАР 821.163.3-1

ПАРИ

Дефинивно и за секогаш, туку што и од секогаш на поднесувам пари. Не ги навидувам, ме збеснуваат и од илјам ме вадат, од рамнотежата востановена внатре далнините недоместлими, внатре благоста недотрошима на моето устројство. Не од што нешто ми се претураат, та клучно ми пречат, ме спрепињаат и ми го отруднуваат пентраењето кон белото ребро на хоризонтот, отежнуваат тежнението да се дооди од зад тученото мандало небесно, туку напротив: Скудот е моја дефиниција, крлетка над бездната во која се нишам и лакомо го дишам остатокот, оние бели парчиња празнина во кои смислата е само заборавено отсуство, првнат одраз внатре дбалинските огледала.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

БРАНКО ЦВЕТКОСКИ

МОЛИТВА ПРЕД ПОЈАДОК

Повели Господе на појадок

Ветрето од висините
Утрово ни принесе вселенска скрама
Свежо замесен зрак
И бокал медовина
Исцеден од дојките на светлината

Знам
И ти знаеш
Дека ништо од мојата понуда
Вистинито не е!

Но нели
За утеха
И ти Сезнаен
Допушташ фантазми во најзрело доба
Пред да биде предоцна
Пред да ми се земе мислата и гласот
Од истиот ветрец одново што ќе се врати
Вообразба на друг да му подари

Затоа повели сега
Зашто миг подоцна ќе биде поставена друга софра
За друг домаќин и гости
Што не знаат песни од sунлива пена
Ниту љубат откровенија и мени

И не креваат поглед за молитва!

ПРЕКУ ПРАГОТ

Кога првпат го пречекорив
Прагот на земниот дом
Засекогаш се вратив во светлината
Оттогаш стражарам во sвездените маглини
Цветам под стреите на галаксиите
Посипувам вселенски семиња –
Здравец размножувам
Ведрина калемам
Без лелек – лекувам

Понекогаш го пречекорувам и небесниот праг
Да sирнам во човечкиот универзум
Но ме скаменува лавата на кошмарот земен
И како паметник нем –
Во занес векувам во иднината

И нема веќе од каде да се вратам.

КАРПА НАД РЕКАТА

Со родилна трпеливост
Ги прима и ги таложи
Најсматните сончеви одблесоци
Воденият шепот заводлив ноќен
Поројните витли
Галежот и клокотот
И утешението по долгите суши...

Верноста кон реката ја прекршува
Само во соништата

Тогаш ѝ израснуваат нежните раце
Да наполни грсти ладна несоница
Да ги измие вековите од своите брчки
Да го смекне каменото срце
И во занес
Еднаш засекогаш
Со судбинска насмевка
Прав и пепел да се стори

Да отплови со слоговите од вода!

ПЧЕЛИ. СТУДЕНА ВЕДА

Рој огромен се разлеа по мирисите
Се измешаа здивовите, осилата, занесите
Стивнаа шарените ветрови
Се гушнаа со ливадите

Се развлекоа и облаците
Како искубани мустаќи
Се раштркаа под светлината
Ја покрија небесninата

Божјата хармонија царуваше
Сè додека показалецот не ја преврте страницата
И не се притемни хоризонтот
Како во заумните приказни за деца

Нечиј тежок издив
Ги ослободи нијансите на цветовите
Земјата ја исцица блажината од билките
Се измешаа грутките со медот
Се отвори тишината за нови сказни
Сонцето стрмоглаво се урна во прашинките

Исчезна виделината од моите очи
Студената веда се врати во космичката утроба

Се најавуваше ново раѓање на светот!

КОГА ЌЕ ПРИВИКНЕШ НА БОЛКАТА

Кога ќе привикнеш на болката
Кога ќе ја прифатиш и подомиш
Во телото и умот
Неусетно, лекум ќе вообразиш
Дека исчезнала, дека си исцелен
Ќе поверуваш и ќе се окуражиш.

Потоа истиот ти
Изненаден од случаен бодеж
Како посрамен љубовник
Отфрлен од љубената
Ќе се прашаш:
Што згрешив
Што не исполнив
А било повелано: со поглед, со допир, со гест.

„Си се занел,
Си се вљубил,
Те маѓепсала болката –
Божем нема да те стаса друга!“

Со внимателна покорност
Ќе ти шепне неименливата болест –

Надежта.

ДОДЕКА ШУМАТ ПРОСТОРИТЕ

Додека шумат просторите
Вратичката задна на куќата
Станува порта спасителка

Се појавува телото симнато од крстот
И ми го дарува од бовчата
Копнежот по небесниот дом

Додека шумат просторите
Бесшумно исчезнувам и јас
И за последен пат
Го кријам клучот под чергичето
Секоја ноќ што го облетува светот
И одново в мугри се постила пред прагот

За да им се привидува на минувачите
Дека во куќата сите сме на број.

НАСЛОВ ЗА ЗАЛЕЗОТ
(посттатковинска песна)

Смогнувам да повратам здив
И одново влегувам во приказната:

Утрото стигнавме до крајот на светот
Пладнувавме крај реката Инд
Вечерта долго беседевме со астрономите
Го допивме виното на невиноста
И на зората ѝ го подаривме глобусот
Населен со народи и љубов

Поверувавме во империјата на новиот јазик
Што го разбираат и верниците и безбожниците
И учените и неграмотните
И освојувачите кои во своите срца
Немаше веќе што да освојуваат

А, дома, во Македонија
Не остана никој
Да ѝ ја отвори портата на светлината
Не успеавме ни живи ни мртви
Да ѝ се вративме на татковината

Секое ново денес
Безмилосно ја претвора иднината во сегашност
А ние, воскреснатите потомци од приказната
Продолжуваме да беседиме како месечари
И бараме наслов за залезот
Низ кого историјата рака под рака –

Исчезнува со нашето име.

ЛАСТОВЦИТЕ. ЛАНСКИТЕ СЕДЕЛА

Во летниот дом во Слатино
По зимската наезда на врапците
Ластовиците секоја пролет ги обновуваат седелата

Ја започнуваат мајската веселба
И со цвркоти вградени во најлеплива плунка
Ги замазнуваат прозирките со свиден танц
Од утринската свежина
До вечерниот блен

Откако ќе ги испилат младенците
По летните свадби во небото
Пред нивните седела и пред нашата куќа
Се прекрстуваат во смирен лет
И без врева заминуваат
Како да нема догодина да се вратат

Нивните празни гнезда
И нашата заклучена порта во Слатино
Цела зима разменуваат безимени воздишки
И премрзнати погледи
Без да сетат кога се темни, кога се разденува

Ете и јас од птиците научив
Дека сме имале заеднички Бог и распетие
И молитва иста
За нивниот и за нашиот напуштен дом!

МИРИСОТ НА СЕНОТО. СОЛЗИТЕ НА БОГА

Не толку одамна
Моите предци убивале
Моите предци биле убивани
За лош поглед
За кривоклетство и светогрдие
За достоинство и чест

Коселе и покосени им ги собирале коските
За свиден погреб и студено ридание

Преку долинките лебдел
Мирисот на сеното
И се мешал со солзите на Бога

Понекогаш ми се привидува:
Го гледам Него со истото насолзено око
Со коешто и Тој ме гледа мене
И (двајцата) се прашуваме
Зошто и денес се убива безумно
Како што безрасудно и страсно се љуби
И зошто злосторот со свечености се преобразува
Во билка за исцеление и за помирение

За да се заборави во името на сите луѓе
И гибелта и љубовта?

Затоа ли?



Фото: Дими Данов

Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Јулијана Величковска

(*се к'ти ноќта црна се...*)

се к'ти ноќта црна се... сè нокти се зошто се? а? а сепак поврзуваме зборовни состави меѓу нив спротивен сооднос со од нос нос на кос коски долги јазлести прсти нокти ноќи? за поврзување зборови за нагласување наизменично вршење дејства стварност? временско сопоставување сооднос на надоврзување градација град гради мои? град градила самовила град градина твоја? *се к'ти ноќта црна се...* сè нокти се зошто се? а? а сепак поврзуваме зборови зборовни состави со исто со слично или со различно значење се воспоставил однос на надоврзување... а сепак а сепак не

(понекогаш најблиску до себе сум...)

понекогаш најблиску до себе сум кога сум најдалеку оддома во тие нови простори во кои ми иде да се дупнам и да истечам да ги исполнам опипувајќи ги новите ѕидови да се притиснам во секој нов раб да се сместам во секое ќоше да се соединам со новите граници како течност што се претура од еден во друг сад губејќи ја старата и добивајќи нова форма нов облик (на живот) нова смисла сакам да течам таму брзо како мисла да треснам силно во дното и да исплиснам угоре високо па да се вратам удолу длабоко да си се вратам назад во себе леплива и инаква со нова електронска обвивка

(зависносложени...)

зависносложени допусни доре усни од вино румени од вина румени образи неопходен услов за вршењето дејство она главното се чиниш блискозначен близок значаен но не си се чинам допусна попустлива со податлива усна а не сум сложена сум сврзничка секако како ламела така ми беше речено во едни други сврзнички состави па владеј и остави и ако румениот образ блед е но макар не е мокар макар не и иако не признава по состав по дејство копнее

(*врзувајќи ги зборовите и реченицте...*)

врзувајќи ги зборовите и реченицте сврзниците покажуваат и своја содржина свое значење но тоа значење се открива единствено преку самиот спој... читам и се прашувам блаже говори граматика или опишува кинбаку? јас сум за ексклузивни копулативни и финални ти си за темпорални допусни и односни навидум исти идентично градени но ти си честичка што само сака да (се) истакне јас пак упорно сакам поврзување дури и кога се развил однос на спротивставување сепак јас сум ками во мојата глава та моето срце и тело може да се врзат само со шименава

(понекогаш срцето ми е мал бел молец...)

понекогаш срцето ми е мал бел молец што од трепетот на срцебиењето ја истресува сета своја тежина сиот прав од крилцата и исчезнува губејќи се и претворајќи се во сè и во ништо (на)секаде и никаде велат постои нешто како срцева меморија чудесно е како по недостигот знам дека се ближи петровден и тогаш се присетувам дека на х светлосни години оддалеченост одовде може да се види минатото на земјата што значи дека на х светлосни години оддалеченост одовде може да се види дека баба сè уште е жива а јас се кикотам крај неа капејќи се во тенџере

Песни од циклусот „Граматички игри“, од стихозбирката „Рајсфершлус“



Обраќање

821.163.3-5

ЧОВЕШТВОТО Е ЦИВИЛИЗАЦИЈА НА ПРИКАЗНИТЕ

Жарко Кујунџиски

Обраќање по повод врачувањето на наградата „Стале Попов“ на Друштвото на писателите на Македонија за најдобро прозно остварување во 2024 година на книгата „Приказничар“ од Жарко Кујунџиски, во издание на „Антолог“

Почитувани колеги писатели, драги гости, читатели и пријатели,

Стоејќи на ова место денес, на роденденот на ДПМ, симболичниот дом на македонските писатели, исполнет сум со длабока благодарност и со огромна чест. Во вакви моменти она што го чувствуваме тешко се изразува со зборови, но како некој чија професија е раскажувањето, си наложив да се обидам да пронајдам барем некој.

Да се прими награда со името на Стале Попов значи да се врати одново надежта во моќта на приказната, бидејќи тој е еден од најплодните раскажувачи во македонската книжевност кој со своите дела создаде вибрантна, пулсирачка композиција инспирирана од животот и душата на човекот од Мариово, Прилеп, Македонија, но истовремено со универзално значење. Неговото дело е потсетник дека приказната има атрибути не само да забавува, туку и да сведочи и да посочува на промени во еден поширок контекст.

Приказните се срцето на нашиот човечки идентитет. Од памтивек тие биле начинот на кој се обидуваме да ја поимаме реалноста и начин на кој дијалогизираме со истата таа реалност. Преку чинот на раскажување се поврзуваме едни со други, но оставаме и траги за комуникација со идните генерации. Од приказните што биле раскажувани околу огништето, во тесниот круг на семејството, до романите што преку преводот ги надминуваат границите на јазикот и културата, раскажувањето е нашето примарно средство за очовечување. Бидејќи човештвото е цивилизација на приказните.

Доволно е да се запрашаме што правевме вчера, на колку луѓе им се обративме со некаква сторија и колку луѓе за возврат се обидоа нешто да ни прераскажат, за да ни го сменат мислењето, за да ни го освојат вниманието, за да нè насмеат или инспирираат. Без оглед дали тоа било виц, сон, гласина, случка, епизода од серија или книга од омилениот автор. Приказните се вирусот со кој сите сме инфицирани, а во секој од нас паралелно живее и еден потстанар-приказничар.

Расказот, не само како книжевна форма, туку како начин на себеискажување, му дава артикулација на нашето најдлабоко искуство – радоста и тагата, вистината и илузијата, подвигот и загубата, крикот и тишината, сите оние нешта што исконски нè дефинираат. Низ страниците на една книга, можеме да ја почувствуваме болката на лик што е далеку од нас, да се радуваме на неговите победи или да жалиме за неговиот пад. Оваа способност да го чувствуваме другиот и да сочувствуваме преку споделувањето, е ДНК на расказот.

Често било поставувано прашањето: Што ја прави една приказна моќна? Дали е тоа структурата, стилот, возбудливоста или незаборавните ликови? Секако дека сите овие елементи се важни. Но во својата основа, моќната приказна е како стрелата на Вилхелм Тел упатена кон јаболкото над главата на тој што најмногу го сакаме. Моќната приказна нè поканува да ги отвориме широм очите и да го видиме светот како пред донесување голема одлука, да ја преиспитаме оправданоста на нашите претпоставки, да го прошириме нашето разбирање за другиот и да се соочиме со стравот, соочување што радо би сакале да го избегнеме.

Приказните што опстојувале низ годините се оние на кои се навраќаме одново и одново, но тие не се тука само за да го исполниме времето, туку и за да се промениме себеси и најблиската околина. Приказните нè предизвикуваат да се соочиме со неправдата, да пронајдеме храброст или да бараме сочувство за оние што не секогаш се слични на нас. Во овој контекст тие се и чин на отпор. Нè потсетуваат дека и покрај сите разлики, сите сме нераскинливо поврзани.


Кога првпат го ставив моливот на хартија – што всушност многу брзо стана прстите на тастатурата – не се обидував да го променам светот. Само се обидував да го најдам своето место во него. Но магијата на раскажувањето е што низ личното го допираме универзалното, остварено преку контактот со читателите. Токму читателите ми покажаа дека кога раскажуваме, не зборуваме во празнина. И кога во една дупка ќе прошепотиме „Цар Трајан има козји уши“ ние не зборуваме за себе туку создаваме врски – невидливи, но длабоки – што понекогаш се случува да ги допрат и тие што најмалку сме очекувале или сме се надевале.

Денес, додека со огромно задоволство ја примам наградата „Стале Попов“, размислувам за многуте приказни што ме обликувале – оние што сум ги напишал, но далеку повеќе, оние што сум ги прочитал. Секоја приказна е подарок од еден (најчесто непознат) човек до друг (најчесто непознат) човек. Тоа е потсетник дека раскажувањето не е осаменички чин. Тоа е ритуален танц меѓу авторот и читателот, двајцата подготвени да зачекорат на пространиот терен на ранливоста и имагинацијата. И на сите вам овде, како на жири-комисијата, така и на сите писатели и читатели што во себе го носите и вреднувате дарот на раскажувањето, било преку книги, разговор или слушање – ви благодарам!

Да продолжиме да ги пренесуваме и да ги споделуваме приказните што се важни и што имаат моќ да маѓепсуваат и да менуваат. Затоа што така испишуваме живот каков што сакаме, а не каков што мораме да живееме. Живот како од приказните.

13.02.2025

Жарко Кујунџиски



Проза

821.163.3-32

МИРИСОТ НА КНИГАТА

Живко Новески

На имеѓо

Секоја книга има душа и мирис. Машките книги мирисаат на тутун, женските на мајчина душичка, а детските на млеко. Пред или по земјотресот во Скопје, во нашето мало гратче на крајот од светот, имаше обид за кражба на книги од градската библиотека. Како? Просто, читателот намерно се скрил или задремал во саботата спрот недела над некоја дебела книга со платнени корици во читалната.Чистачката Шарка, малку наглува, нечујно ја затворила библиотеката и си заминала дома да вари посен грав за Крстовден. Ноќ за убав викенд како создадена за читање и љубов. Читателот се помирил со судбината и почнал да го чита Антоша Чехонте и не сетил како поминува низ времето, како песок во клепсидра за варење јајца. Читателот читал што читал и кога натежнал сонот на очите си заспал. И читателот сонувал убав сон во сонот, како пред огледало. Тој бил затворен во градската библиотека и никако не сакал да се разбуди. Чинел опули го левото око, погледни во раф-товите од разнобојни книги и продолжувал да чита додека гледаат очите. И така читајќи тој заспивал и го сонувал истиот сон дека е затворен во библиотека. И очите му се зацрвениле од читање како на млад вљубен мајмун, а грлото жедно за вода почнало да го гребе како да проголтал крастава жаба. Фуј. И цела ноќ читал без наситка, како жеден човек.

Во понеделникот пред да ја отвори библиотеката другарката Ратка слушнала кашлање од читалната и се исплашила. Може некој сака да ја ограби или да ја запали библиотеката, помислила другарката Ратка и пријавила кражба. Лично командирот на полицијата во уни-форма со штит, еполети, со пендрек и со пиштол обесен на колкот, раководеше со апсењето на опасниот натрапник. Пред Градската библиотека се збираа граѓани, денгуби и ситна боранија, сеирџии од сите бои на виножито. Да се украде е човечка слабост и може да се прости, ама да се краде книга за читање е чудна и опасна навика, рече некој значајно. Од читањето мене ми се мати умот, ама треба да се награди тој што сака да чита и да си ги троши очите. Ами како да не, уште медал да му закачат на голо месо и да го прогласат за светец, рече значајно жената со кокошка во рацете. И за казна треба да ги прочита сите книги во библиотеката од а до ш. И да ги раскаже, тоа е потешко, пиле мое, додаде некој...

Кога го извадија момчето со големи и гладни очи и раце врзани наопаку, сите го познавме Рамазан од Бела кула. А тој беше недоспан, исплашен и среќен на свој начин. Тој покажа со прстите дека во ноќното бдеење прочитал седум дебели книги, цело богатство за душата. Од сигурни извори дознавме дека признал дека многу сака книги и тврдел дека во секоја има зрнце вистина за животот. Секоја книга е добра ако се прочита навреме, рекол значајно како старец. Се пофалил со домашната библиотека, со книгите што ги добил како одличен ученик и книгите што ги собрал од контејнери. Тој признал дека многу сака книги, ама бабај му нема пари да му купува...И уште на крајот рекол дека секоја книга има свој посебен мирис. Се пофалил дека тој со врзани очи може да ја препознае секоја книга по миризбата. Има машки и женски книги што кружат околу Земјината топка, рекол со широка насмевка од уво до уво... И тоа ги збунило инспекторите, тоа со мирисот на книгите. Може да мириса цвеќе, душа, кисела зелка на пример, ама книга? За случката пишуваше весникот „Нова Македонија“ во рубриката верувале или не, што се носеше во десниот џеб од панталоните.

Набрзо потоа, за да се забошоти работата, да се тури пепел, се одржа големо литературно читање во Градската библиотека. Дојдоа истакнати писатели дури од Скопје што читаа долги песни и куси раскази. И сите се пофалија со своите нови книги што ги криеја во пазувите како икони. И нивните книги, како сите книги, мирисаа на олово и свежа боја од печатницата. И сите беа трезни и сериозни и само еден млад писател беше малку наврнат со залепена насмевка. И за првпат името, убав младич со кадрава коса, налик на ангел избеган од фреските на Света Софија, својот расказ го кажа наизуст. Тој застана пред публиката, се поклони и почна да раскажува, убедливо како стар бел дедо без луле меѓу заби. Во приказната имаше гладни дечиња и едно дете сираче коешто секој ден делкаше мајка од дрво... А после во филмот наместо мила мајка, го делкаше Исуса распнат на крстот на Голгота. Читањето траеше долго, слушателите почнаа да се проседаат, а младите организирано донесени од гимназијата дремеа изморени од животот. И утредента по читањето се откри дека некој несовесен граѓанин украл книга од библиотеката. И

тоа беше првата кражба на книга во нашето мало гратче, првото чудно чудо што се памти ...

Го прашав младиот писател зошто ги создава расказите без да ги запишува, туку се мачи да ги запамети... Не ми е тешко, имам бистра глава на рамена. Кај мене секој расказ е заклучен на сигурно и никој не може да ми го украде или измени. Сите раскази започнуваат од еден збор, нежна искра која расте и се разгорува во модро пламенче, што трепери на човечка воздишка. Кога ќе застане пламенот како дете првпат на тетерави ножиња, му се додава малку воздух со хукање. Како грнчарот што му хука на грнето, така писателот го крепи расказот. Стравот има големи очи. Замисли како може да му биде на писателот што му го украле расказот и го објавиле под друго име. Како ќе докаже дака тој го напишал што го нема. Има монаси и оци што ги знаат Библијата и Коранот напамет. И тоа се живи книги што чекорат... Тој трпеливо запишуваше народни умотворби и гатанки во тефтерчето што го носеше во џебот до срцето. Јазикот нема коски ама коски крши. Богдан се вози на девет лози, бог му се чуди како се држи. Собиравме зборови, како камчиња од крупна и ситна песок покрај езеро. Заедно со денови пребиравме заборавени зборови и возбудени откривме дека зборот никајца го нема во големиот Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања во три тома. Името доби магнетофон, пак одевме по селата од Копачка да снимаме народни песни и приказни од животот. Добродушни селани и песнопојни жени нè гоштеваа со питулици, кисело млеко и со отворено срце...

Младичот со кадрава коса често доаѓаше во нашето мало гратче... И секогаш со себе носеше накоја нова мисла и енергија што нè крепеше да ги сакаме јазикот и книгата. Набрзо со Бранко професорот по македонски јазик го подготвивме на шапилограф првиот број на весникот МУГРИ. Мисла од весник со зелена глава стана издавач со пирамида од книги. Тоа беше време на занес и желба да се сочува и збогати македонскиот јазик. Уште тогаш професорот Блаже Конески знаеше дека јазикот е наша татковина. Еднаш го прашав татко ми, зошто академикот Блаже не е доктор на науки, а имаме доктори со лопата да ги ринеш? Татко ми како да очекуваше прашање, итро ми одговара со прашање, кажи кај кого другарот Блаже може да докторира.

Бевме имењаци и не знам зошто не се викавме на име, туку името го менувавме за име. Името многу ретко зборуваше за создавањето на расказите. Мигот што го мотивира да смисли и да напише расказ беше свеченост на душата. Расказот се појавува на почетокот во совршена форма на јајце. Што е постаро јајцето или кокошката не е важно. Само понекогаш кога наутро по бричење ги читаше белешките што ги начкрабал ноќта, во полусон, се исчудуваше над текстот и не беше сигурен дали да го потпише расказот. Од каде иде мис-лата и дали навистина убавината може да го спаси светот се прашуваше, без одговор. Им се восхитуваше на мајсторите грнчари од Вранештица кои на умата ѝ вдахнуваа душа. Со денови ги слушаше народните песни и приказни. Тогаш уште не беше измислена телевизијата во боја. Наместо боја на екраните стававме пластика со кафена и сина основа да личи на земја и небо. Како иде бојата преку воздухот и антената беше прашање без одговор. Ги пометеше своите раскази и набрзо почна да објавува раскази. Мирисот на книгата го следеше како загар... Тој ги испрати првите раскази во Скопје. С о тешко срце се прости од своите запишани раскази што влегоа во печатницата. Многу ноќи преседе над машината за пишување што ја купи од една жена писателка, на старо.Тајната на создавање книга беше далечна и недопрена. Беше возбуден како на првата средба со девојката. Отпрво несигурно колвкаше по буквите како слепа кокошка, а после се ослободија двата прста, го научи распоредот на буквите и беше мачно, ама полесно. Расказите сами се појавуваа обично навечер како светулки во тишина. Насловната страница ја решава еден негов пријател од ликовна академија, со црвена линија дијагонално на белината. Не се секирај, грешките во подготовката се гледаат кога ќе излезе книгата, го тешеа. Бучавата на старата печатница со мирис на олово му трепери во левото уво. Челото му гори, а во душата се прекршуваат високи бранови. Имаше лесна треска како детиште што вади сипаници со чај од крмуз. Создавањето на неговата првина беше очекувано од читачката публика, со едно подигнато око. Кој чека и не спие, останува недоспан...

Не сети дека цела ноќ преседе во паркот пред печатницата со конзерва млако пиво во рацете. Дојдоа неколку пријатели со девојките да му прават друштво и да ги разубават часовите на исчекување. По преломот и коректурите што ги направија тој ги доби шпалтите со своите раскази. И тогаш виде дека скокнале грешки како болви во текстот, ама сега беше доцна за поправки. Книгата веќе беше под големиот нож за сечење хартија кој паѓаше како гилотина преку насловната страница. Од другата страна како сирачиња остануваа примероци од книгата што се раѓаше без шум за да го освои светот. И беше тоа свечен момент, врв на изоденият пат од идеја до книга...

Кога излезе од печатницата мајстор Цицо со неговата вкоричена книга во пазувите тој затрепери заедно со тополите. Книгата, неговата прва книга беше убава и грда како новороденче, топла, тетерава и со ново лице. Се родил човек, слушна како некој благослови. Вистина се родил човек, рече... Се наведна, се поклони пред својата прва книга што ќе го следи и надживее во годините пред него... Штом се направи промоција во родното место, книгата тргнува по непозната патека на животот. Којзнае дали тој некогаш ќе ја сретне својата книга.Човекот му должи на родното место и затоа промоцијата ќе се одржи во Градската библиотека. Нашите промоции без мерка заличуваат на парастос за авторот и пофалба на сè уште непрочитана книга. Книгата кога тогај ќе си го најде патот до својот читател што ја бара во книжарица или библиотека...

И неговата првина мирисаше на жолта дуња...

(Извадок од „Мирисот на книгата“, Живко Новески, ВиГ ЗЕНИЦА, 2024)



Нов член на ДПМ

821.163.3-32
821.163.3-32

ЈАЈЦЕ

Симона Јованоска

Едно утро Евица се разбуди со чудна болка во стомакот, како нешто да ја пресече во половината и се спушти до стапалата, па кога потстана, смртно се изненади од она што го виде, меѓу нозете имаше јајце.

Јајцето беше обвиено во крв и слуз, а со крв и слуз беа налепени и препоните на Евица која само што не приумре од изненадување. „Не е можно!“, рече избезумено, „нема никакви шанси!“ Набрзина стана, внимателно го заобиколи и со трчање влезе во тушот, се триеше подолго од вообичаеното. Кога излезе, јајцето сè уште беше на истото место, присутно колку што може да биде, посматрајќи ја речиси со осудување. Погледна наоколу, собата изгледаше исто како секогаш, ништо не беше сменето и освен крвавиот чаршаф со јајце во средината, немаше ништо невообичаено. „Мора да е мое“, си помисли, со оглед на крвта меѓу нозете и необично острата болка, „мора да сум го родила на спиење, ама не се сеќавам“. Евица немаше план, не знаеше кому да се јави и што да каже, приказната звучеше како билет за во лудница, во еден правец.

Конечно се охрабри и реши да појде поблиску до јајцето. Некое време го посматраше од пристојна дистанца, беше тоа сосема обично јајце, немаше ништо посебно околу него. Истиот облик, просечна големина и апсолутна неподвижност го карактеризираа нејзиното јајце, па и покрај тоа почувствува потреба да истражи и понатаму, само за да пронајде нешто поинакво. Го спушти носот и вдиша длабоко, а потоа долго вдиша уште неколкупати со затворени очи, за да може умот да го „види“ мирисот и засекогаш да го врзе со јајцето како еден и единствен, посебен мирис. Грижливо го стави во дланките и го крена пред лицето, беше толку мало и совршено, од неа истркалано право во прегратката на животот. Го стави под млаз и внимателно го миеше, неговата кора беше мека и нежна, никако не смееше да си дозволи да го скрши. Откако го изми, пополека го избриша со мека крпа, па го премачка со масло за тело од јојоба. „Ќе му треба топлина“, си помисли и му го отстапи ќебето, направи гнездо и го смести точно во најмекото. Јајцето не рече ништо, само безгрижно сјаеше под зраците на сонцето.

Оттогаш, Евица со голема љубов се грижеше за јајцето, го капеше, бришеше и редовно го премачкуваше со масла, го носеше на базен, понекогаш го боеше, сакајќи да му поттикне уметнички афинитети, но јајцето, иако не се противеше, остануваше непроменето, не зборуваше, не артикулираше и беше целосно зависно од нејзината нега.

Еден ден, од нигде и никаде, Евица забележа мал, нежен пердув на својата рака – чудо на природата кое во неа разбуди чувство на прифаќање. Како знак на промена, а не на предупредување, се нишкаше на раката, станувајќи симбол на растечката врска со новиот живот. Секој ден телото ѝ се покриваше со сè повеќе пердуви, кои како крила ја обвиткуваа во мека, тивка преобразба. Со секој нов пердув, Евица полека, речиси незабележливо, ги губеше трагите од својот некогашен живот, соништата, желбите, амбициите, сè што некогаш сакаше, што ја правеше тажна или среќна, исчезнуваше во заборав. Старите планови, како ехо што се рони пред да стигне до својата дестинација, никогаш не ја добија својата шанса.

Во првата утринска светлина, кога конечно се разбуди во новата кожа, не донесе никакво чувство на загуба, туку само инстинктивен, необјаснив порив, и тогаш, од устата ѝ избега еден чуден звук – „кваааааааа...“



Осврт

821.163.3-1(049.3)

КОГА КРАЛЕ МАРКО ГО ГЛЕДАШЕ ПРИЛЕП

Гордана Михаилова–Бошнакоска

Историјата ни говори дека Крале Марко си ги изградил кулите за живеење над Прилепа града. Каде всушност живеел тој, ако не како митски јунак во света на повеќе словенски народи, на Балканот, а дури и како присвоена приказна, во меморијата на други народи од Европа. Но, сепак сакале другите или не, привилегијата за неговото жителство ја има Прилеп и Македонските Словени.

Како син на еден од тогашните велможи, во времето на Отоманската Империја, на Крале Марко му биле дадени на управување меѓу другите и, овој простор каде сме ние Македонските Словени. Неговото постоење е вечно живо и не само во нашето народно творештво туку и во изминатите животи на нашите предци и до ден денешен па и во нас самите, кои го носиме од најраното наше осознавање. Во многуте митски приказни за неговото јунаштво е значајно и сознанието за неговата грижа кон народот, па дури се вплетуваат и некои сознанија за времето на владеењето на српските велможи, како поданици на Отоманското Царство и во нивните меѓусебни судири, некои од нив наоѓале прибежиште во дворецот на Крале Марко. Има сознанија дека многу писатели и поети што биле во дворците на раскараните српски велможи, биле благонаклоно примени од Крале Марко (податок добиен од Влада Урошевиќ). Како и податокот дека неговиот физички изглед е причина за многу недоразбирања во неговите интимни врски со жените. Ова воопшто не е чудно што наклоноста кон јунаците и до ден-денес е предмет на сакање и обожување, особено присутно во филмовите.

Крале Марко означува еден значаен период од нашата историја и помалу зачудува фактот што е оставено повеќе на митолошкото толкување на неговиот лик, а помалу на историското (со чест кон оние што го апострофираат и овој значаен сегмент). Во оваа смисла со радост го прифаќам постоењето на поемата „Крале Марко по вторпат“ од писателот Славчо Ковилоски, за која поема ја доби и наградата „Григор Прличев“, која веќе неколку децении се доделува на востановениот конкурс за поема. Овој конкурс нè потсетува на големиот конкурс за поема на кој победи Григор Прличев во Атина за поемата „Сердарот“ која ја беше напишал на грчки јазик. Ова отвора еден значаен аспект на Македонците што ги восприемаат јазиците на водечките нации во еден период од развојот на цивилизацијата, при што го негуваат и постоењето на македонскиот јазик, иако тој е потиснат од моќните државни творби. Така што покрај неколкуте обиди „Сердарот“ да биде преведена на македонски јазик во современото постоење на Македонската држава, за мене како мој личен став е извонредниот препев што го направи нашиот врвен автор, во таа смисла, Ѓорги Сталев. Свесна дека постоењето на другите преводи (препеви) прават да го осознаеме истражувањето и на другите можности и варијанти што ги дава македонскиот јазик , кој покрај востановениот литературен јазик е богат со постоењето на дијалектите, што се на поширокиот дел на областа Македонија на Балканскиот Полуостров.

Во современата македонска литература веќе се вградени многу автори што се и добитници на високата награда за поема, а воедно и поети што ја добиле оваа награда (Михаил Ренџов и др.) и во неколку наврати. Постоењето на овие поеми го оживеа сознанието дека поемата е во првичната нејзина суштина опевање на јунакот што се здобива со тој епитет заради неговите, во животот јуначки дела. Така во поголем дел од овие поеми на малкедонските автори е присутна таа тенденција, макар што има и такви кои се обидуваат преку содржинската смисла, да му да-

дат белег на времето што е денес.

Авторот Славчо Ковилоски во неговата поема се определува кон формата на еден јунак, едено време, при што времето како сегашна форма го отвора аспектот на компарација во однос на она од времето на обитувањето на неговиот херој т. е. Крале Марко. Не изненадува оваа определба на авторот тоа да биде Крале Марко. Како првично чувство во него е перцепцијата од најраното детство. Величествениот поглед нагоре кон постоењето на Марковите Кули кои доминираат над просторот на Пелагонискоto Поле. Тие ја носат сопствената митологија.

Тие се толку постоечки, колку што се и нестварни. Тие не само што го градат светот на нивното постоење, туку и светот на градителот Крале Марко, а и луѓето градители, мајсторите, обичните поданици на Марковото кралство. Дури и да не е тоа прва перцепција, на прв поглед кај поединец што го согледува овој предел во некој одминат временски период на својот живот е границата на волшебното и возможното.

Така нашиов автор е обликуван во својата најрана свест од импулсот на пределот, од импулсот за постоењето на една личност што влијае во градењето на интелектуалната свест на друга личност (авторовата). Навлегувајќи во монолитноста на корпусот на Крале Марко, а притоа носејќи го времето во коешто живее ја започнува поемата со констатација но и со сокриено прашање – Sвер сум, ангел сум/ Две лица крие душава моја... И започнува толкувањето на овие состојби, овие спротивставености, овие противречности што треба да откријат, но и да ја протолкуваат личноста на еден човек кој ете е ставен во улога да востановува систем на живеење, систем на мислење и систем на толкување. Ковилоски поставувајќи си ги овие линии за одење по нив, неминовно е да востанови и систем на нивно толкување и објаснување кон читателот, но и кон себе со прашање: Зошто баш така? Исправен во имагинарниот свет на минатото, а свесен за сегашното во изразна смисла на поетското, авторот избира еден полуархаичен стил во пишувањето, за да остане со замислата на содржината, а притоа да не отиде во непостоечкото од секојдневното, од вообичаеното комуникациско кореспондирање. Авторот навлегува во толкување на секојдневното кај неговиот јунак при што сака да ги отвори неговите карактеристики на личност, што во сплет на околности се очекува од него да не биде обична, да не биде секојдневна, да не биде тоа што е, ами да стане симбол на семоќна човекова личност што оди отаде границите на можното. Така личноста на Крале Марко авторот ја вовлекува да ни биде тука близу до нас, со нас, да влезе во нашата сегашнина и да нè охрабри со неговата митска храброст што токму тој народ му ја доделил. Преку споредбите од она што било и што тој (Крале Марко) го знае спуштен во поетскиот свет на авторот во новиот век на секојдневието ќе рече: Се затворил дома човеков, не излегува на воздух./ Додуша, и тој не е како порано./ Потежок е, смрди.

Притоа се присетува на доблесните карактеристики на кои го советува татко му. Авторот Славчо Ковилоски е во состојба да ги мери времињата кога бил неговиов јунак Крале Марко жив и присутен, со она сега како сага за едно време. Тоа едно време, Ковилоски го внесуда во денес и сега, па така ние го гледаме неговото (К.М.) доаѓање „по втор пат“ за да ја извлечеме паралелата на поклопување на времињата, една вешта замка во која авторот преку неговиов јунак, ни ги соопштува новите видувања и согледувања, а да не биде авторот тој што ги доживува ами неговиот јунак. Соочен со еден друг век, во едно друго време Крале Марко поставува, но и себеси се поставува во средиштето на тие дилеми

што нè допираат нас како читатели, но и ние како сведоци на овој востановен нов свет за неговите морални и етички вредности. Крале Марко ни ја дава улогата на проценувачи на вредностите и невредностите. Вештината на авторот (С.К.) е во тоа да ни ја наметне дилемата дали го прифаќаме „второто доаѓање“ како длабинско (наше) замислување над состојбите кои Крале Марко ги согледува, ги коментира преку една благородна форма на секојдневието во кое сме и ние втонати длабоко.

Дали вредностите може да ги коментираме, зашто станува збор за векови живеење на ова тло, ова делче на големата македонска земја на која нè потсетува Крале Марко, во поетското доаѓање што ни го нуди авторот на ова дело, на оваа поема Славчо Ковилоски?

Поемата е тоа и ние што ја спознаваме сме во неа.

821.163.3-1

Димо Н. Димчев

МОИТЕ ПЕСНИ - ВОЈНИЦИ

Јас не можам да ви понудам
Посилни војници од моите песни.
Простете, но песните се силни
И вооружени со волшебни стрели.
Со нив можете да ја освоите
Која било тврдина на секој народ.
Со нив само мене како автор
Не можете да ме скршите -
Јас сум во секоја од нив.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Марија Воденска

ОДАЈА

Во мојата одаја мириса на пролет
Копнежлива младост, надежна радост,
Со мирис на жубор низ реката мирна
Испеани мугри низ ливада ширна.
Во мојата одаја мирисот без мене
Е градина сува со свенато цвеќе
Пресушена река обрастена со трње
Планина што вие по изгубена душа.
Мојата одаја е налутена сенка
Со копнеж оставен да тагува
Како одамна исушена грмушка
Како скривалиште за иднината.
Мојата одаја е книга без писмо
За жената со ветрот замината
Со расеан мирис попатно изгубен
Во маглива есен и капнато лисје.

Во мојата одаја тајно живее жена
Далеку од дома во темните сништа
Ја прегрнува ноќта залипана во очај
За спас на гнездо и разлетано јато.
Во мојата одаја носталгија се рони
Со мирис на пролет и есенски утра
Сон во мугри облеан со дождот
Виолина тивко тагува по разделба.
Разлеани звуци со Полноќна
Бетовен за Елиза... Аранџуес...
Винченцо Белини со Норма,
Каста Дива со Марија Калас...
Во мојата одаја живее младоста
На улица „9-ти МАЈ“, во градот на заод
Со шепот „Не заминувај, Те молам“
Закован спомен со мирис на ЕСЕН.
Дом Голда Меир, Њутон, МА

ЦУТ ВО МИСЛА

Кај да се скрие мисла што цути?
Патека скришна крај ѕидини стенка
Крај алеја цветна и зелено поле
Сред патека виси прошарена сенка
Под синото небо сал сонцето топли.
Кај да се скрие мисла што цути?
Цвеќиња росни во поглед збрани
Крај патека шумна Во мисла кани
Лудничаво време пркосно мами.
На планетава Земја останавме сами.
Кај да се скрие мисла што цути?
Во ноќите снежни со меќави лути.
Наутро плодна, напладне зборна
Ко бушава надеж навечер плодна
Жуборлива, течна за Татковина вечна!
Кај да се скрие мисла што пали?
Душата чезне светлина кани

Цвеќиња росни во поглед збрани
Низ патека глува со извор ко лава
И болка стара здиплена во тага.
Кај да се скрие мисла што молчи?
Од небото матно сал солзи се леат
Глувонеми птици песни изветвени пеат
За минато време во борби и страв
За преселби светски сторени во прав.
Кај да се скрие мисла што цути?
Низ патека глува со чекори лути.
Со извор од тага, во мислите крвни
Во хаосот се котат глутници стрвни
Се слуша ли клетва молкум што цути?

РАСЦВЕТАНА БУЛКА

Океани во сништа ќе премостам
Долини со видик ќе прескокнам
Со повик насекаде ќе надгласам
Шумни гори во мечти ќе прелетам
Мостови над мориња ќе изградам
Ко птица раскрилена ќе дојдам!
Тебе Родино моја, да те гушнам,
Тебе, Милино моја, да те слушнам!
Расцветана мисла силно ме пали
За крвав бој и приказни стари.
Чекај ме, почекај Родино моја!
Срцето бие, со светлина плови
Низ маглишта ита и мразни води!
Отвори порти судбино моја!
Чекај ме мила, Родино зборна,
Копнеам страдна за стреа кобна.
Јас ќе ти дојдам со булките цветни
И песни ќе пеам стогодишни летни
Чекај ме тивко закрилена ширно
Јас ќе се вратам вгнездена мирно

Кај срце што боли во твоите поли
Стенкаат гради со душа што моли.
Ќе допрам срце силно што бие
Изгубено славно над земјата спие
Ко крадец скришум безимено гние,
Будно во ноќта мисла го мами
Во туѓина бесна останавме сами.

Отвори порти, Родино моја!
Јас ти се враќам Расцветана Булко!
Најмила топла на нишалка Лулко,
Сега сум скитник далеку од тебе
Со мисла бујна згрната во себе.
Скриена надеж подјармува злобно
За минато време во бегство кобно
Љубовта пека за своина света
Туѓината голта, да е пуста и клета
Топлина носам од соништа мои
Зар да ги скријам во пазуви твои?
Отвори порти СУДБИНО МОЈА!

ЖИВ СПОМЕН

(На македонските поети)
Не заминува спомен во ќорсокак
Остава отвор за никој да не види
Оти дише низ процепот меѓу останатите.
Ги испраќаме со солзи, со тага во душите
Го испративме и него, а тој пак е тука!
Пишан спомен оставил,
И никој не спомна лошотија,
Добрината е спомната за да векува!
Тие што си одат добрината си ја носат,
Лошотилакот за назад го оставаат.
Додека векува човек не знае
колку добрини направил,
Колку лошотилок видел!

Не знае секој оти е жив спомен,
Понекојпат не умее кај да се сврти
Оти во песните убавината ликува
напишана и во спомен оставена
за ние да гледаме и да се умиме
Од каде таа песна севезден скита во нас?
БОСТОН, 18 ноември 2021


РАЗГОВОР СО РОБИН

Северец бриши, сонцето сјае
Студенило вјаса душа ми корне
Штипи и каса за срце ме фаќа.
Зад ледина сува поздрав ти праќам!
Во пресрет на ветрот пркосна итам
Северец вие, ко над Кожуф скита
Во гората фучи пролетта шушка
Студенило пика сегде се мушка.
На ќошот од патот птица ме сретна
Мислев ќе летне, при мене дојде
Брзонога иде на мегдан се ближи
Говорам гласно сал таа ме слуша.
Скраја од патот сама ти идам
Ела ми близу до тебе ќе стигнам
Смелоста твоја мудрост е моја
Тука ќе стојам, тебе ти зборам:
Те милувам Птицо, осамена тука
Дојди ми близу ти мавтам со рака
Со тебе Рабину, разговор водам.
Тука сме сами, заедно сме друштво.
Скраја од патот под сонцето сјајно
Северец вие, смрзнати сме ние!
Не летнуваш, зошто во мене гледаш?
Ме разбираш со зборот на мојот народ
Неразбирлив за други далеку од тука.
Со студот зошто ми доаѓаш блиску?
Зар тага си криеш, погледот го вртиш?
Те разбирам мила изгубена друшке!
Рано си дошла крај меѓа ме чекаш
Поздрав ти сакам и дарови праќам.
Ме сретна мене, те сретнав тебе.
Ти говорам гласно, галежно јасно,
Ме разбираш кога мала сум била
Далеку од дома, самотна ко сега
Изгубена птица што гнездо свила.
За родот Робин во лето што иде
Лекокрила Птицо, брзонога мила,
Летни ми вишно на место скришно!
Јас ќе ти дојдам во пролет цветна,
Сонце кај сјае во далга што светна.
Ќе барам гнездо далеку скришно
Под небото сино високо вишно!
Крај патот со мирис во гората стишно
Морето бистро во преград ме мами
Мисла што скита во спокој ме кани.

ПО РАЗДЕЛБА

Поздрави ми праќаш оддалеку
Додека дишам и ти пишувам
Не лути ми се, Татковино моја!
Снагата се стопи, годините превртеа.
И никаде бел ден не видов!
Ниту при тебе, дома на југот
Ниту овде, однесена со ветрот.
Не лути ми се, што останав далеку.
Оти погрешно те разбрав.
Солзи пијам, кога на тебе мислам
Откако се вратив од патот заоден
Со слика оставена за спомен.
Не лути ми се, Татковино моја!
Те оставив чистотна за крадец
Те оставив, или ти ме испади?
Сѐ едно! Останавме оставени,
Недопрени, со забрана да дојдам.

За кафето наутро да ми горчи,
Оти солзите во него ми капат.
Не секој зборува гласно
Зар молкот не е посилен
Од зборот што не се слуша.
Од зборот задушен во молк?
Прости ми, Татковино моја!
Што те оставив, што ме завеа
Во снегови и луњи, недопрена
По белосветските сокаци
Заскитана да немеам и тагувам
По тебе, Татковино моја!
Дали има мерка за болка
За тага по тебе, пат неизоден
По кал и трње, а зад себе
Гола слика во маглина оставена
Со забрана без враќање назад
И свртување по разделба.
Прости ми, не лути се на мене,
Татковино моја, Македонијо!



Проза

821.163.41(497.16)-32

ПОД ТРЕПКИТЕ

Драгана Ерјавшек (Црна Гора)

Повремено со погледот отворено би се запулила во мене без воздржување и без принудена пристојност. Тогаш ќе ја прашав за што размислува.

– Не си ги покриваш бубрезите. Исто како кога беше мала. Голиот грб е смрт за жената. Бавна смрт.

Или:

– Еурокремот не е храна. Понекогаш мораш и нешто зелено. Знаеш, тоа се влакна...

Се излеваа нејзините заостанати проповеди полни со љубов што не прави разлика меѓу неподносливите гњавења и грижата што се раѓа порано од пред да се роди детето. Така барем велат.

– Ти си виновна за сè – велам и знам дека таа нема да биде таа што плаче. Одеднаш таа е на креветот, ми ја гали косата, ми ја подвлекува поткошулата преку грбот, но не го чувствувам нејзиниот допир, не ѝ го регистрирам мирисот; сега веќе помалку е и бледа како одраз во разматено езеро од желбата да ја прегрнам. И гласот ѝ се губи. Сè си помислувам дека тоа е така поради тоа што ме тераат да живеам во постојана виделина. И оние некои лекови што ги пијам, од нив ми се разводенува столицата и ми се замајува во главата.

– Дали сум злобна? – ја прашувам откако ги избришав образите со ракавот, притоа игнорирајќи го чешањето предизвикано од детергентот со кој се перела постелнината и кој преку пижамите ми се вовлекол под кожа.

– Како можеш да бидеш злобна кога јас сум те воспитувала?

– Тоа не е одговор – негодувам како детиште.

– Разгалена си, неспособна, премногу зависеше од мене и сето тоа е моја грешка – ме критикува тивко со половина глас, но се сеќавам на неа и кога била погласна.

– Затоа ли си тука?

– Ќе си заминам кога ќе ме пуштиш – ги поткрена рамениците, дувна во шишките од косата и се сврте на страна како да има нешто во собата освен едниот кревет на кој лежам и едниот стол на кој седи таа.

– Сè уште не сум подготвена. Сама овде не можам спокојно да го поминам денот.

– Спиј, мила моја – прошепоти таа како да сум веќе на половина пат до никогаш досега виденото.

Знам дека нема да заспијам, иако таа веќе се замагли онака како што сеќавањата стануваат далечни. Нема да заспијам, како што не сум спиела и со денови.

Сликата на запален станшто гори, на плачот од бебе што се гуши во солзи, на сопругот што се потпира на мене, на пожарникарите и полицајците кои како пијаниците си довикуваат нешто едни на други, на болничарките што се препотуваат над новороденчето и на мајка ми која седи на фотељата како ништо да не се случува... Тие слики се толку силни и тие гласови се толку интензивни што дури го будат сето она што одамна умрело во мене. Старите љубови, првата адреса, телефонскиот број на татко ми од минатото работно место, оној човек што продава зашеметени крапови на улицата во Врањина а којшто умре уште пред Мајкл Џексон.

– Како го оставаш бебето само со запален шпорет и на него ставено млеко да зоврие? – праша таа.

– Не го оставив само, мајка ми беше овде – налутено одговорив чекајќи некој да рече дека сето тоа е само игротека, или нешто слично.

– За што зборуваш, Бога ти?

– Мајко... – продолжив, но ме прекина.

– Мајка ти ја нема, Барбара!

– Ама овде е, како... – се свртев.

Во фотељата мајката насмеана ги набљудуваше очајниците кои за малку ќе останеа

без своето првороденче. Тоа скршено, а јас изгубена во времето. Целата е потоната во фотељата и е ситна од кога и да е. Но без одраз на стаклената, сега

веќе подизгорена маса, без одраз во сребреникавото метално тенџере, мајката во фотељата, но и без одраз во огледалото што беше заднина за стариот часовник, како и на собните цвеќиња филадендрон и дрво на животот.

– Погрижи се за млекото, морам да притрчам до аптеката – реков.

– Јас не можам да внимавам на твоето млеко, Барбара. Однесувај се како да не сум овде.

– Но овде си. Бебето спие, само стави го настрана млекото кога ќе зоврие – ја убедував додека ги врзував врвките од обувките на прагот меѓу дневната и ходникот.

– Барбара, мене ме нема овде – беше упорна.

– Те гледам! Веднаш ќе се вратам – ѝ довикнав од ходникот и ја треснав вратата.

Пожарникарите излегуваа, еден по еден. Сè уште се шириле смрдеа на изгорена пластика и ткаенина. Со драга волја разговараше со болничарите и повремено ќе погледнеше во мене кимајќи со главата нервозно, а потоа и преку мене – со доза на страв и недоверба.

По ќошевите на мислите мајчините монисти свечкаат, студено е, а тишината и темнината се судираат под моите трепки.

Превод од црногорски на македонски јазик:

Илија Велев

821.163.3-055.2(06.064)

Атанас Вангелов
ЦВЕТОТ КАКО ПОДАРОК

Овој цвет
треба да има
интересна биографија -
неверојатно минато
и проверена иднина
Овој цвет
треба да научи
да ги изговара зборовите
што ќе му ги одберам
или пак низ мирисот
да им се доближува.

Цвету мој
премногу те задолжувам
со неверојатности

Ако те нема
колку што те имам
време е да се вовлечам како
ветер во твојот мирис.



Приказ

821.163.3-055.2(06.064)

СОВРЕМЕНИ АВТОРСКИ РАКОПИСИ ОД ПРВИТЕ МАКЕДОНСКИ ПОЕТЕСИ ВО НУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ

Марина Мијаковска

По повод одбележувањето на интернационалниот ден на жената 8 Март, во Националната и универзи -тетска библиотека „Св. Климент Охридски“- Скопје беше отворена традиционалната изложба „Убавите жени во мојот народ“. На изложбата беа презентирани материјали од Збирката со современи авторски ракописи, Збирката за музичка уметност и Збирката за ликовни уметности при НУБ.

Од Збирката со современи авторски ракописи беа презентирани манускрипи од првата генерација македонски писателки: Евгенија Шуплинова, Радмила Трифуновска, Светлана Христова-Јоциќ, Драгица Најческа и Гордана Михаилова-Бошнакоска. Секоја од овие писателки се издвојува со посебни лирски одлики и има посебно прво место во македонската книжевност создавана од жените. Изложбата со современи авторски ракописи имаше за цел да ги презентира првите поетски гласови на македонските писателки кои денес како да се подзаборавени. Уникатноста на ракописната граѓа се однесува на фактот дека секоја писателка има посебен ракопис што денес може да се види преку зачуваноста на ваквиот библиотечен фонд.

Евгенија Шуплинова (1930-2008) – македонска поетеса што ја има објавено стихозбирката „Грешница“ во 1960 година. Таа работела како новинарка и била член на ДПМ од 1962 година. Книжевно творештво: „Грешница“ (поезија, 1960); „Тагата на црвениот каранфил“ (поезија, 1962); „Три облачиња“ (раскази за

деца, 1964); „Сончева патека“ (поезија за деца, 1969); „Ана и пеперугата“ (раскази за деца, 1969); „Сонце на детските дланки“ (раскази за деца, 1970); „Цинцилин“ (поезија за деца, 1972); „Празник во градината“ (1975); „Септемвриско ѕвонче“ (поезија за деца, 1982); „Грешница“ (нови песни љубовна поезија, 1992); „Зелено пладне Пелагонија“ (поезија, 1993); „Моливчето го боли срце“ (поезија и раскази, 1994) и „Неспокој“ (2003).

Од фондот на Збирката со современи авторски ракописи беа презентирани песните во ракопис: „Ти“ (Р МСН III 165); „Вечерна молитва“ (Р МСН III 161); „Допирнувања“ (Р МСН III 162); „Вечер ќе ти дојдам пак“ (Р МСН III 160) и „Сè“ (Р МСН III 164). Ракописите се со црн фломастер, а има и цртежи и автограм од Шуплинова во долен десен агол од листот.

Радмила Трифуновска (1939-1994) – поетеса и прозаистка. Таа работела како новинарка. Книжевно творештво: „Црна птица” (поезија, 1968); „Црни треви“ (поезија, 1970); „Жена и војна” (збирка раскази, 1968) и „Враќања” (збирка раскази, 1982).

Во фондот на Збирката со современи авторски ракописи ги има песните во ракопис „Апел“ (Р МСН III 159) и „Низ мене дете летна в небо“ (Р МСН III 159). Овие песни не се објавени во нејзините стихозбирки, но се слика за нејзината поетска експресија во последните години од животот. Ракописите се со темно сино мастило, а има и автограм од Трифуновска во долен десен агол од листот.

Светлана Христова-Јоциќ (1941-2012) – поетеса, есеист и писател за деца. Работела како новинар во Радио Скопје. Светрлана Христова-Јоциќ била првата жена претседател на ДПМ и покренувач и главен и одговорен уредник на ревијата „Стожер“ што излегува од 1996 година како единствено гласило на ДПМ. Нејзината поезија е уникатна и во допир со музиката. Таа има посебна лексика и зборообразувачки форми во поезијата. Таа била член на македонскиот ПЕН центар и на ДПМ. Книжевно творештво: „Калесница“ (поезија, 1970); „Скришен ковчег“ (поезија, 1974); Сињо (поезија, 1980); „Последна битка“ (повест за деца, 1980); „Алка за нишалка“ (позија за деца, 1981); „Еа“ (поезија, 1984); „Хагада“ (поезија, 1987); „Зачатие“ (поезија, 1990); „Самечка ќелија“ (поезија, 1993); „Душница“ (избор поезија, 1993); „Гусларот“ (повест за деца, 1993); „Строви̇ште“ (роман, 1994); „Силенто“ (поезија, есперанто, 1995); „С. Бесмертна“ (поезија, 1996); „Голема молитва (поезија, 2000)“; „Крста и монистрото“ (2003); „На што срце“ (поезија, 2012).

Од Збирката со современи авторски ракописи беа презентирани песните во ракопис: „Кобилица“ (Р МСН III 144); „Амкање“ (Р МСН III 143), „На камен“ (Р МСН III 145) и „Плашило“ (Р МСН III 146) кои се објавени во нејзината стихозбирка „Скришен ковчег“ во 1974 година. Ракописите се со сино пенкало, а во долен десен агол има автограм од Светлана Христова-Јоциќ.

Драгица Најческа (1933) – македонска поетеса и прозаистка. Таа е првата македонска прозаистка што го има објавено првиот расказ од писателка во 1950 година во весникот „Иднина“. Исто така, таа е првата писателка што го објавила првиот роман напишан од жена на македонски јазик. Тоа е романот „Пеперуга со натопени крилја“ што е публикуван во 1969 година. Таа е член на ДПМ од 1969 година. Работела како новинарка. Книжевно творештво: „Друга мајка“ (роман за деца и млади, 1979); „Раскази“ (1979); „Неспокој“ (поезија, 1988); „Крстопати“ (роман, 1995); „За глувчето, мачките, за мечките, рипчињата, зајачињата, лисичињата и... дечињата“ (раскази за најмалите, 1997); „Омраза-длабоко“ (роман, 1998); „Доживотна јамка“ (роман, 2004); „Вратете ми го сонот“ (поезија, 2005); „Избрани дела“ (2011) итн.

Во Збирката со современи авторски ракописи ги има песните во ракопис „Црвено“ (МСН IV 217) и „Доцна“ (МСН IV 216) кои се објавени во нејзината прва стихозбирка „Неспокој“ во 1988 година. Ракописот од песната „Црвено“ е напишан со црвен фломастер на голем лист од блок, а има автограм од Драгица Најческа во долен десен агол. Ракописот од песната „Доцна“ е напишан со црн фломастер на голем лист од блок, а има автограм од Најческа во долен десен агол.

Гордана Михаилова-Бошнакоска (1940) – македонска поетеса и прозаистка. Таа била новинарка во МРТВ. Нејзината поезија има посебни одлики и впечатлива лиричност. Оваа поетеса е прва по тоа што има експлицитна и субверзивна еротичност во поезијата. Суптилната и имплицитна еротичност е присутна во поезијата на Даница Ручигај и Евгенија Шуплинова како први македонски поетеси со објавени стихозбирки, но Гордана Михаилова-Бошнакоска прави чекор понапред со експлозивната и отворена женска сексуалност. Книжевно творештво: „Времето го нема“ (поезија, 1965); „Писма“ (поезија, 1974); „Влегување во Делта“ (поезија, 1981); „Босфорско лето“ (раскази, 1984); „Нордиски љубовници“ (поезија, 1993); „Њујорксон“ (поезија, 1993); „Планини од картонски кутии“ (поезија, 1997), „Потрага по приказна“ (роман, 2001); „Пораките на далечините“ (поема, 2001); „Допири“ (поезија, 2011); „Мајките“ (поезија, 2012); „Песна на ридот“ (поезија, 2016, 2017);„Исповедта на сликарот“ (поезија, 2018) „ итн.

Во Збирката со современи авторски ракописи ги има песните во ракопис: „Езеро“ (МСН III 154) песна што е објавена од стихозбирката „Времето го нема“ во 1965 година. Ракописот „Нејзиното четврто писмо“ (МСН III 153) е објавен со стихозбирката „Писма“ од 1974 година. Од другите нејзини стихозбирки беа изложени песните во ракопис „Школка и бисер“ (МСН III) и „Да се спасиме од минливоста“ (МСН III 155). Сите четири авторски ракописи се напишани со виолетов фломастер, а има автограм од авторката под секоја песна во среден агол од листот.

Преку ваквиот поетски круг од пет значајни поетеси преку изложбата „Убавите жени во мојот народ“ се направи навраќање и сеќавање на книжевната дејност на првите поетеси. Секоја од овие поетеси е креативна жена со посебен индивидуален ракопис за кој сведочат времињата од минатото, но остануваат врежани и присутни и денес.

НОВИ ЧЛЕНОВИ НА ДПМ

Милчо Мисоски (1972, Струга) дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје, специјалист микробиолог, примариус, магистер на медицински науки. Бил добитник на наградата „Млада Струга“ на Струшките вечери на поезијата во 1992 г. и на други награди и признанија во земјава и во странство. Автор е на седум збирки поезија, од кои актуелна е „Зборови од хартија“ (Антолог, 2024).

Митко Гогов (1983, Скопје) пишува поезија, кратки раскази, есеистика и публицистика. Неговото творештво е застапено во неколку антологии, стихозбирки и списанија за литература и уметност во повеќе земји. Концептуален уметник и активист, Митко е организатор на фестивалот „100.000 поети за промена“. Има објавено две збирки песни во „Антолог“: „Ледена вода“ (2014) и „Скриено писмо“ (2019) и две во „Макавеј“: „Линијар [бројки]„ (2021) и актуелната „Бог на ба(к)терии“ (2024).

Искра Донева (1983, Скопје), завршила магистерски струдии по политички науки и дипломатија и по македонски јазик. Авторка е на трудот „Конфликтот на интерпретациите и разбирањето на наративните текстови“ („Восток“, Битола, 2018) и пред сè поетеса, најпрепознатлива и најпреведувана поради нејзината хаику поезија: „Татко“ (2013), „Скакулче игра плочка“ (2013), „Лазарополски хаикуа“ (2013), „Калеидоскоп“ (2015) и други.

Симона Јованоска (1985, Гостивар), дипломирала на Економскиот факултет во Скопје, а досега има објавено четири книги: една збирка раскази, една книга за деца („Градот Вабу и потрагата на Нави“, Чудна шума, 2022), и два романа: „Денот на црвот“ (2021) и „Леска Брезоска“ (2024), кои како и збирката раскази се во издание на „Или-или“. Симона е добитничка на наградата „Роман на годината“ на Фондацијата „Славко Јаневски за романот „Денот на црвот“, и на други награди за проза.


Хана Корнети (1992, Скопје), дипломирала историја и филозофија во Анкара, а магистрирала на културолошки студии во Истанбул. Меѓу другото, во „Или-или“ ги има објавено збирката раскази „Млечни заби“ (2021) и романот за деца „Илина и шумските тролови“ (2023). Добитничка е на прва награда за театарско сценарио во 2019 г., на втора награда на конкурсот за најдобар расказ на „Нова Македонија“, а била и финалист во регионалниот книжевен избор „Штефица Цвек“.

Лулзим Хазири (1962, Гостивар), основно и средно техничко училиште завршил во Гостивар. Студирал Машински факултет на Техничкиот факултет на Универзитетот во Приштина. За време на студиите објавува песни, раскази, критики и есеи за рок музиката во тогашниот печат во Приштина и во Скопје. Дела: „Кога љубовта се троши како креда“, „Тестамент од свила“ и др.

Драгана Лукан Николоски (1984), драматург и сценарист, вработена во Театарот за деца и младинци. Авторка е на сценарија за филмови и ТВ-серии, драмски текстови и раскази: „Ул. Мајмунска“, „Марта Верина“. Добитничка е на наградата „Живко Чинго“ за расказот „Пад на системот или како балканските народи сфатија дека Бог можеби и не постои“ (2019).

Атанас Д. Бојаровски (1935, Смолари, Струмичко), дипломирал на Филолошкиот факултет, група Историја на книжевностите на народите на СФРЈ. Песни објавувал во весниците „Вечерен репортер“, „Просветен работник“, зборниците „Сонце за сите“, „Огнено време“ итн. Автор е на книгите: „Планината моја патува“, „Пеколот од детството“, „Мајчината порака“.

Друштвото на писателите на Македонија и редакцијата на ревијата „Стожер“ им го честита членството.



Поезија

821.163.3-055.2(06.064)
821.163.3-1

ПЕСНИ

Славица Урумова-Марковска

Хипноза на тишината

Под оковано небо
секој момент
ветерот исчезнува,
а времето бесповратно тече.

Крикот умира.
Тишината е хипнотизирана.

Ме оставаш сама
со маката
во гнездото
на нероденaта песна.

Студен месец

Од едната страна снегот,
од другата страна е маглата.
Насекаде белина и постелина.

Месец на мразот

Меко, волнено, бело јагне
се приклучи кон стадото.
Руно за носење.

Февруари

Експлозијата која се разнесе по
Врвовите, рамнините и удолниците
Расфрли лапавица што ја пробива кожата
Удира и дождот што паѓа во бес
А длабоките сини небеса се матни
Реката мртва
И секое чувство заостанува
*
Сенките заостануваат
Едно мало стапало остана втиснато
Четири години врзано во
Карпите придушени од снег
Обидувајќи се да зачекори

.

Лисјата паѓаат на сите страни како последни
илузии на младоста под солзите на тагата

утрото
се крие
во чад
и магла

природата
е како јазол скриена
секој пејзаж
навлегува во душата,
колку многу сличност
има во секој детал
и осамената куќа

Закачени како надежи од детството

к
мразулци на гранка
к а
о к
и
прозирно желе т



821.163.3-055.2(06.064)
821.163.3-1
821.163.3-32(049.3)

„ГОЛЕМИОТ КУФЕР“ ОД ИВАН ДОДОВСКИ: 20 ГОДИНИ ПОДОЦНА – ПАТУВАЊЕТО ПРОДОЛЖУВА

Бранко Прља

Културниот центар Точка, на ул. Илинденска бр. 38, каде се наоѓаа просториите на издавачката куќа Темплум во 2005 година, беше своевидна мала фабрика на свежи идеи, книжевни иновации и нови гласови. Од тие простории, полни со ентузијазам и интелектуални разговори, произлегоа многу значајни дела, а едно од нив е и збирката раскази „Големиот куфер“ од Иван Додовски. Оваа книга не само што го носи времето во кое е создадена, туку и тежината на едно културно наследство, преточено во девет раскази.

Работејќи во Темплум, имав чест да сведочам на процесот на создавањето и промоцијата на ова дело. Дизајнот на книгата го изработи мојот драг колега и ментор Бојан Ивановиќ (подоцна Бригада Дизајн), со илустрација на корицата на Славица Јанашлиева, реномирана ликовна уметница и член на ДЛУМ од 1997. Лично го запознав Иван (пред да замине како Докторант на Универзитетот во Нотингем, Велика Британија!) и можам да потврдам дека неговата сталоженост и насмевка беа одраз на неговиот литературен пристап – внимателен, но проникliв; сталожен, но длабок. Таа негова смирена мудрост и интелектуална проникливост се рефлектира и во самата книга, која, под површината, носи бури од идеи.

Тука можете да прочитате извадоци од „Големиот куфер“.

Девет раскази за тежината на животот

Во центарот на „Големиот куфер“ е тежината, како физичка, така и емотивна. Куферот, кој се појавува како предмет, симбол и метафора, го отелотворува товарот што го носат не само ликовите туку и самите читатели. Расказите обработуваат различни аспекти на човечката егзистенција: од интимните семејни драми, преку апсурдните социјални ситуации, па сè до глобалните рефлексии за минатото и иднината.

Она што најмногу плени во стилот на Додовски е начинот на кој ги обликува своите ликови – тие се обични луѓе, чии животи се одраз на колективната историја. Нивните приказни се раскажани со едноставен, но богат јазик, кој, и покрај својата директност, остава простор за интерпретација. Пример за тоа е расказот „Часови по германски јазик“ преку кој Додовски нуди уште подлабока ирониja за тоа како луѓето го доживуваат животниот багаж – не како товар, туку како обид да се изгради смисла таму каде што ја нема. Главната тема го отсликува конфликтот меѓу минатото и сегашноста, како и апсурдната динамика на животот во провинциска средина. Фокусот на расказот е ироничниот портрет на главниот лик – Хари Папастерју – и неговиот обид за бегство од староста и осаменоста преку опсесивни и чудни проекти.

Папастерју не умре веднаш од ударите на Дарио, ами цели осум месеци подоцна, негуван од Весела, неуспешно заведуван од Добрила, а веќе прифатен од градот како нешто од кое се стекнало неизлечива зависност.

Овој цитат совршено ја отсликува иронијата на животот на Хари Папастерју. Наместо да биде запаметен по својата професионална кариера како лекар, тој станува жртва на локалните озборувања и предмет на апсурдна зависност во градот. Сателитската антена, „часовите по германски јазик“ и неговите лични односи се претвораат во симболи на неговиот пад, но истовремено и на неговата улога како централна фигура во провинциската драматургија.

Стил и структура: баланс помеѓу едноставноста и длабочината

Стилот на Додовски може да се опише како минималистички, но богат со детали. Тој користи едноставни реченици, кои во себе носат многузначни пораки. Често, во еден пасус, тој успева да создаде атмосфера која потсетува на литературата на Рејмонд Карвер, но со македонски културен контекст. Како Карвер, Додовски избегнува пренатрупаност со зборови, оставајќи ги тишините и празнините да зборуваат сами за себе.

На моменти, расказите потсетуваат на делата на Габриел Гарсија Маркес, особено во начинот на кој магичното се преплетува со реалното. Во расказот „Ново ќебе,“ Додовски маестрално ја комбинира иронијата и трагедијата за да ја истражи осаменоста, апсурдот на секојдневието и човечката потреба за топлина – буквална и метафо-

рична. Главниот лик, Светлана Огненова-Луцић, ја симболизира монотоната, отуѓена егзистенција која очајно бара излез од својата рутина. Симболиката на електричното ќебе како обид за бегство од студот – физички и емоционален – е јадрото на приказната.

Мотивот за багажот и тежината на животот е присутен, но овде станува збор и за тоа како материјалните или банални предмети (во овој случај ќебето) може да станат замена за вистински човечки контакти и среќа. Ова е поинаков аспект на „багажот" – не тежина што ја носиме, туку празнина што се обидуваме да ја пополниме.

Сонуваше прекрасен сон. Стапнува на некој златен брег, таму лежи нејзиниот младич, мускулест и насмевнат. Ја довикува, а таа му се приближува. Нежно се преплетуваат нивните дланки, а потем тој ја стопува во прегратка.

Овој дел ја доловува сета иронија на судбината на Светлана – нејзината потреба за љубов и топлина ја турка кон мечтаење што завршува со трагедија. Топлината на ќебето, која би требала да биде утеха, станува фатална, симболизирајќи дека потрагата по лесни решенија за емотивната празнина може да биде опасна.

Во однос на структурата и пристапот кон темите се чини дека „Големиот куфер" може да се спореди со делото „Девет приказни" на Џером Д. Селинџер. Исто така, делото наликува на прозата на Мирослав Крлежа, особено во начинот на кој Додовски ги комбинира социјалните и егзистенцијалните аспекти.

Симболиката на „Големиот куфер"

Куферот, како централна метафора, го симболизира она што го носиме низ животот – спомените, траумите, но и соништата за иднината. Расказот „Големиот куфер" е маестрална сатирична приказна што го истражува парадоксот на човечките амбиции и апсурдот на нашите копнежи за величина. Главниот лик, Боше Стопарев, е универзитетски професор и книжевен критичар кој има бескрајна жед за признание. Тој ја прифаќа опортунистичката игра на своето време – манипулации, ласкања и „дружење со моќните" – како средство за исполнување на својот сон за величина.

Во расказот, куферот станува симбол на неостварените соништа и несразмерната тежина на амбициите што ги носиме со себе. Иронијата лежи во фактот што Стопарев, обземен од копнежот да ја потврди својата важност, ги пропушта основните вредности на животот, а на крајот, тежината на сопствената гордост го уништува. Финалниот момент, во кој неговото тело метафорично се распаѓа под „големиот куфер," е трагикомичен крај на една бурлескна потрага за значење.

Требаше сам да ги донесеш, критичару Стопарев, академику Бошле-вошле, сам да ги донесеш во еден голем куфер и ќе станеше вечен! А сега е доцна!

Оваа тема ја прави книгата универзална. Иако ликовите се длабоко вкоренети во македонскиот контекст, нивните приказни одекнуваат насекаде. Секој читател може да го препознае својот „куфер" – било да е тоа товарот на одлуките, сеќавањата или надежите.

Оваа збирка, меѓу другото, ги отсликува и промените во Македонија во периодот на транзицијата преку суптилни детали. Ликовите често се фатени помеѓу старите вредности и новите реалности. Во „Уметник на револуцијата," Додовски маестрално ја истражува идејата за индивидуалниот отпор кон колективниот систем, претставувајќи лик кој живее во конфликт меѓу личните вредности и општествените очекувања.

Оваа комплексна и длабоко симболична приказна што го истражува конфликтот меѓу личните страсти и идеолошките вредности. Главниот лик, Марче Ѕвездановски, е трагичен уметник, опседнат со идејата за револуцијата, која станува негова љубов, вера и животна мисија. Нараторот, неговата четка за сликање, ја симболизира не само интимноста меѓу уметникот и неговата уметност, туку и врската меѓу страста и самоуништувањето.

Револуција! – викна со лудачка радост и рипна нагоре, летна од количката со раширани раце, небаре упатен кон нечија прегратка.

Точка и „Магма", од една лична перспектива

Додека ја пишувам оваа критика, се присетувам на времето во Точка – кога просторот беше и физички и симболичен дом на уметноста и културата. Иван доаѓаше со својата смиреност, но и со страст за литературата. Тогаш, книгите не беа само изданија – тие беа настани, причини за разговор и мостови кон нови светови.

„Големиот куфер" беше дел од едицијата „Магма", во која претходно беше објавена и мојата прва книга. Тоа чувство на припадност, на дел од нешто поголемо, е еден од најубавите спомени од тоа време. Иван, со својот топол и љубезен пристап, успеваше да инспирира не само преку своите зборови туку и преку своето присуство.

Куферот што го носиме: од минатото до сегашноста

„Големиот куфер" од Иван Додовски, негова прва проза книга, е повеќе од збирка раскази – тоа е точка на пресврт во неговото книжевно патување. Додовски, веќе познат по неговите четири книги поезија, со ова дело направи важен чекор кон истражување на прозата. Неговите стихови, преведени на англиски, хрватски, албански, бугарски и романски јазик, веќе ја обележаа неговата поетска кариера, но со „Големиот куфер" тој успеа да го прошири својот уметнички опсег.

Дваесет години по објавувањето на „Големиот куфер," Иван Додовски е етаблиран автор, научник и културен работник. Неговите дела, преведени на повеќе јазици, се дел од антологиите на современата македонска литература. Преку својата работа како претседател на Еуродрам, редовен професор и автор на бројни научни студии, тој го постави македонскиот културен израз на европската и светската мапа.

Иако „Големиот куфер" останува негово единствено прозно дело, неговите раскази сведочат за литература што ги премостува границите меѓу личното и универзалното, помеѓу минатото и иднината. Ова дело, како и самиот куфер, го потсетува читателот на патувањето низ времето, оставајќи отворени врати за нови интерпретации.

IN MEMORIAM – БЛАГОЈ САМОНИКОВ

929Самоников, Б.



Се простуваме од поетот, прозаист и драмски автор Благој Самоников. Тој беше роден на 7.3.1942 во Штип, а почина на 17.2.2025 година во Штип. Самоников беше автор на повеќе поетски книги: „Големиот град“ (1982); „Погрешна претстава“ (1986); „Сомотска пустина“ (1993); „Книга без посвета“ (1999); „Патување за Итака“ (2005); „Вистини без искуство“ (2007); „Неизносена ведрина“ (2010); „Неприпитомена надеж“ (2012); „Отворена книга“ (2014); „Допрено време“ (2015); „Непросирна светлина“ (2016); „Песни за мали и големи деца“ (2018) и „Подземно виножито“ (2019). Освен тоа, Самоников е автор на драми и ги објави следниве дела: „Драми“ (1993); „Еден бакнеж“ (1999); „Патување во земјата на чудата“ (2004), како и на една збирка раскази, со наслов „Засводено време“ (2001). Благој Самоников ја има добиено наградата „Ацо Шопов“ во 2010 година. Член на ДПМ од 1989 година.

Знам многу патишта

Знам многу патишта
по кои никогаш
нема да се сретнеме
ама не го знам патот по кој нашата средба
никогаш не може
да нѐ одмине -

а тој пат го доодувам со години
(ама веќе почнува и да дува)

ХРОНИКА НА ДПМ

ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГОДИШНИТЕ НАГРАДИ НА ДПМ ЗА 2024 ГОДИНА

На 13 февруари во 12 часот се одржа свечен настан по повод доделувањето на годишните награди на ДПМ за 2024 година. Наградата „Стале Попов“ на ДПМ за најдобро прозно остварување во 2024 г. ја доби книгата „Приказничар“ (изд. „Антолог“) од Жарко Кујунџиски. Стихозбирката „Посвети и пофалби“ (изд. „Дијалог“) на Иван Џепароски ја доби наградата „Ацо Шопов“ за најдобра збирка поезија во 2024 г. Сликовницата „Бакнежи на небото“ (изд. „Светулка“) од Иван Антоновски се закити со наградата „Ванчо Николески“ за најдобра книга за деца и млади во 2024 г. Наградата „Димитар Митрев“ за најдобра книга критика или есеистика во 2024 г. е доделена на делото „Книжевни паметници“ од Наташа Аврамовска, а во издание на ИМЛ. Наградата „Мост“ на ДПМ за најдобро дело објавено на некој од јазиците на националностите во Македонија во 2024 г. ја доби книгата „Била једном једна кућа“ („Беше еднаш една куќа“) од Гордана Јовиќ-Стојковска, а делото е во издание на „Слово љубве“. ДПМ на главната манифестација на 13 февруари одбележа 78 години од основањето.

ПРИЕМ НА ТРИ НОВИ ЧЛЕНОВИ ВО ДПМ

Од почетокот на оваа година, Друштвото на писателите на Македонија прими три нови членови: Драгана Лукан Николоски, Лулзим Хазири и Атанас Д. Бојаровски.

ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДПМ

Претседателот на ДПМ изготви Периодичен извештај за работата во периодот од 1.6.2024-31.12.2024. По усвојувањето на периодичниот извештај од страна на УО, тој е објавен на веб страницата на ДПМ.

ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ МЕЃУ ДПМ И НОБ

ДПМ потпиша Меморандум за соработка и со Националната опера и балет. Членовите на ДПМ ќе ја уживаат истата придобивка како и со: Драмски театар, Театар Комедија, Македонски народен театар, Албански театар и Театар за деца и младинци во Скопје, како и театарот „Антон Панов“ во Струмица, Народниот театар во Битола и театарот „Јордан Хаџи-Константинов Џинот“ во Велес. Активните членови со членската карта добиваат 50 % попуст на најмногу купени 2 билети од претстава.

УСВОЕН ПРАВИЛНИК ЗА ИЗБОР И ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „КНИЖЕВЕН ЖЕЗОЛ“

На 20 март, УО усвои Правилник за избор и доделување на наградата „Книжевен жезол“ на ДПМ.

ВЕСТИ ОД МАКЕДОНИЈА

РОМАН НА ГОДИНАТА ЗА 2024 ГОДИНА

Наградата „Роман на годината“ за 2024 година ја доби „Светот што го избрав“ од Калина Малеска. Жири-комисијата беше составена од Лидија Димковска, Маја Бојаџиевска, Ѓоко Здравески, Андреј ал-Асади и Катерина Богоева.

ОБЈАВЕНИ ДОБИТНИЦИТЕ НА „ЗЛАТНИОТ ВЕНЕЦ“ НА СВП И „МОСТОВИ НА СТРУГА“

Лауреат на наградата „Златен венец“ за 2025 година е словачкиот поет Иван Штрпка. Полскиот поет Матеуш Шимчик е лауреат на наградата „Мостови на Струга“.

РЕДАКЦИЈА


СТРИП НА „СТОЖЕР“, БР. 10



С.К. - One Man Army



Глигор Поповски меѓу ученици од ООУ „Иван Горан Ковачиќ“ Карпош, денес „Петар Поп Арсов“



Димитар Солев



Тодор Чаловски и Димо Н. Димчев









Од доделувањето на годишните награди за 2024, февруари 2025; Фотографии: Наташа Гелева

ВРЕМЕПЛОВ

Пред 320 години

„Писание од мојата рака, како сум ја купил оваа книга наречена псалтир, јас митрополит Дебарски и Кичевски Јоаким архиерej. Кој ќе помисли да го украде, имам го афоресан и проколнат и заврзан до Страшниот суд. Меѓутоа, кој ќе сака, нека го земе, но потоа пак да го донесе на мастото од каде го земал. Инаку да не биде! И молете го Господа за мојата грешна душа, ами. Смиреният митрополит Јаким“ (Запис, „Псалтир на Дебарско-Кичевскиот митрополит Јоаким“).

Пред 130 години

Излегла збирката песни „Песните на востаникот“ од Атанас Раздолов (1872-1931), истакнат македонски поет, публицист и револуционер, близок соработник и привржаник на Гоце Делчев. Објавил повеќе мали стихозбирки со песни исклучиво на македонска историско-револуционерна тематика. Освен „Песните на востаникот“, автор е и на книгите: „Иднината на Балканскиот полуостров“, „Крвавиот исток и бездушна Европа“ (1889), „Пред министерските врати“ (1907) и др.

Пред 90 години

Од печат излезе збирката песни „Бура над родината“ од Ангел Жаров (псевдоним на Михаил Сматракалев) (1910-1998). За оваа збирка Гане Тодоровски ќе каже: „Можеме со сигурност да резимираме дека ‘Бура над родината’, како прва ластовица на македонската литературна пролет, не е валидна само во литературно-историска смисла, туку оваа поезија, која содржи квалитети на автентична и добра поезија, стои на почетокот на раскрилувањето на една литературна стварност на Балканот како блескотен амблем“.

Пред 90 години

Роден е Живко Чинго, еден од најистакнатите македонски прозни автори. Дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје, група југословенска литература. Работел како професор по книжевност во охридкста гимназија, во Радиотелевизија Скопје, во Институтот за фолклор, а бил и директор на Драмата при Македоднскиот народен театар. Член на Друштвото на писателите на Македнија од 1963 година. Починал во 1987 година. Ги објавил делата „Пасквелија“ (раскази, 1961), „Семејството Огулиновци“ (раскази, 1965), „Нова Пасквелија“ (раскази, 1965), „Сребрените снегови“ (роман за деца, 1966), „Големата вода“ (роман, 1971), „Кенгурски скок“ (драма, 1979) и др.

Пред 80 години

На 1 јануари излезе првиот број од хумористичното и сатиричното списание од областа на уметноста, слободната мисла и слободното творештво. На почетокот списанието беше прилог за сатира во билтенот на Првата македонска народна ослободителна ударна бригада под името „Сред поле syнsyле“, а од 1951 до 1966 „Остен“ се развива како весник, се јавуваат рубрики за хумор, сатира и карикатура во дневните весници, но започнува да се појавува и на нов медиум – на Радио Скопје. Главни и одговорни уредници на „Остен“: Владо Малески, Славко Јаневски, Ацо Шопов, Дарко Марковиќ, Владислав Јоциќ, Душан Јеленковиќ, Љупчо Силјановски, Ефтим Проевски и Димитар Чудо.

Пред 80 години

Излезе првиот број на весникот „Пионер“ наменет за најмладите читатели. Уредници: Јонче Јосифовски, Славко Јаневски, Борис Бојаџиски, Васил Куноски, Глигор Поповски.

Издавач:
Друштво на писателите на Македонија

За издавачот:
Живко Гроздаиоски
(претседател на ДПМ)

Редакција:
Славчо Ковилоски (главен и одговорен уредник)
Лилјана Пандева (лектор)
Марина Мијаковска
Делвина Крлуку
Стефан Марковски

Дизајн:
Бранко Прља

Ул. Максим Горки бр.18, 1000 Скопје, РС Македонија
Тел./факс: 02/3228-039,
e-mail: redakcijastozer@gmail.com

Печати:
Датапонс

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

Со решение бр.02-410/1 од 9.7.1996 година Секретаријатот за информации „Стожер“ е запишан во регистарот на весници и за него се плаќа данок по повластена даночна стапка. Ракописите и фотографиите не се враќаат. Ревијата излегува со финансиска поддршка од Министерството за култура на РСМ.

Ставовите во објавените текстови се исклучиво ставови на авторите.

На барање на поетите, дел од песните објавени во ревијата не се лекторирани.